**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 мај 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,22 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше потпретседателот на Собранието господин Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа по Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Роза Топузова Каровска, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Владанка Авировиќ, Славица Грковска,Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Елмазе Селмани, Благој Зашов, Марјан Додовски, Фијат Цаноски, Оливер Спасовски, Весна Бендевска и Ванчо Коцев, ме известија дека се спречени да присустуваат на седницата.

**Точка 25 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска, Кире Гештаковски и Никола Ќуркчиев.

Господинот Марјанчо Николов, кој е пријавен не е присутен.

Господинот Никола Ќуркчиев кој е пријавен не е присутен.

Госпоѓа Весна Бендевска која е пријавена не е присутна.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикува сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во слата за да можеме да пристапиме кон гласање на амандманот.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да ни достават точен број на пристуни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Уште еднаш би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат во слата за да можеме да продолжиме со работа.

Уште еднаш би ги замолил пратениците кои се надвор од салата да влезат во слата за да можеме да продолжиме со работа.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да ни достават точен број на пристуни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници за амандманот гласаа 57, за гласаа 12, воздржано 1 и против 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Овој амандманот не се прифаќа затоа што законот за јавен долг е системски закон кој го третира задолжувањето на сит еносители на јавен долг, а не само на општинтие.

Ако се погледа Законот за јавен долг, во членот 4 од Законот за јавен долг се упатува на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа однсоно се упатува на членот 2 од овој закон, каде што се вршат промени.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик минситер.

На самиот почеток би сакал да го изразам своето незадовлство со оглед на тоа што бевме приајвени за претходниот амандман, иако немаше кворум во салата сепак поради проценка на мнозинството бевме избришани, а после 15 минути чекавме да се собере кворум за да може да се гласа амандманот. Ценам дека тоа беше направено тенденциозно за да не може да зборуваме по однос на амандманот.

Со овој амандман поднесен од колегите е предвидено членот 2 кој се однесува на можноста јавните претпријатија основани од општината да можат да се задолжуваат само по претходно

издадена гаранција од Советот на општината треба да се избрише, затоа што семтаме дека онака како што сега се поставени работите овој член во пракса не може да се примени. Зошто?

Ако оние кои што доаѓаат од локалната самоуправа ги видат буџетите на општината и ги видат буџетите на јавните претпријатија ќе се види дека јавните претпријатија имаат далеку поголеми буџети од некои општини затоа што тие прибираат средства по основ на услуги, додека општините како извори на финансирање ги имаат даноците и средствата што се трансферираат.

При тоа, кога зборуваме за буџети на општината зборуваме за оној дел во кој што општината има изворна надлежност да ги прибира како приходи. Не зборуваме за трансферираните средства, блок дотациите, другите дотации што се прибираат, едноставно може да се доведеме во ситуација јавното претпријатие согласно условите што ги нудат банките да можат да обезбедат поголем износ на кредит, а општините имајќи ги во предвид членовите 19 и 20 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа да не можат да дадат таква гаранција бидејки немаат средства во Буџетот. На тој начин ќе се оневозможи јавното претпријатие до колку е во добра финансиска состојба, до колку ги исполнува условите од некоја банка да не може да земе кредит до колку Советот не гарантира со Буџетот на општината дека тоа јавно претпријатие ќе го врати кредитот.

Мислам дека постојното законско решение кое се однесува на издавање гаранции, во кое што стои дека јавното претпријатие или Советот може, а не дека мора да даде гаранција е пореално во овој момент кога општините сеуште не се финансиски доволно зајакнати да стои во законот, отколку она што го предлага Валдата и на некој начин ќе го ограничи развојот на јавните претпријатија, а знаеме дека најголем дел од тие јавни пртпријатија се занимаваат со комунални услуги, водовод, одведување на канализација, со нудење на други услуги и пазари, погребални и т.н. и мислам дека тие услуги се од суштински интерес на граѓаните и тие јавни претпријатија добро е во овој момент, барем оние што можат да продолжат со својот развој и да не се врзуваат на некој начин за гаранција на Советот не затоа што Советот ги ограничил, туку Советот нема можност, нема финансиска моќ Советот да издаде гаранција за оној кредит кој што го бара јавното претпријатие, бидјеки може да побара поголем износ од Буџетот на општината, на пример во некои општини. Како тој Совет ќе даде гаранција, а во членот 20 од Законот стои дека вкупната гаранција не може да надмине 15% од вкупнит еприходи. Мислам дека не е добро ова законско решение предложено од Валдата и би требало колегите пратеници да го подржат овој амандман се со цел да остане постојното законско решение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Марјанчо.

Да ви објаснам дека што се однесува до вашата жалба дека тенденциозно сум ги избришал пратениците кои беа пријавени, не сум ги избришал ги чекав. Имаше 5 минути најава, читање на отсутни пратеници, намерно ве чекав да се вратите, не дојдовте. Тоа вие е должност да бидете тука кога започнува седницата.

Процедурално, повелете господине Марјанчо Николов.

Марјанчо Николов: Господине потпретседателе јас кога дојдов во Собранието на списокот имаше двајца потпишани. Тоа беше во три минути до 11 часот. Значи, Собранието продолжи да работи 40 минути, може да се смеат колегите жал ми е што немаме картонче за идентифиакција кое го пишува времето кога доаѓаме. Затоа се случуваат такви работи.

Мислам дека ја почнавте седницата, се затвори расправата и чекавме 10-15 минути да се собере кворум. Јас затоа реагирав. Јас не реков дека вие намерно сте го направиле тоа. Во ред.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Амандманот на член 2 од предложените измени и дополнувања, мислам дека треба да биде прифатен од страна на предлагачот од едноставна причина што членот 2 од овој закон е спротивен на членот 23 од Законот за буџетот. Имено, ако на самиот почеток се договориле и сите се согласиле дека Законот за финансирање на локалната самоуправа е системски закон. Ако знаеме дека системот на локалната самоуправа во Република Македонија почива на три системски закони, а тоа е Законот за финансирање на локалната самоуправа, Законот за територијална организација, ќе видиме дека по членот 23 од Законот за буџети, отворете го и ќе видите дека апсолутно се регулира материјата по однос на сервисирањето на долгот гарантиран од Република Македонија итн, се разбира во делот на локалната самоуправа и бидејќи носителите на јавен долг поднесуваат барање до Владата на Република Македонија за поведување постапка за добивање на заеми со државни гаранции и слични нешта тврдам дека членот 2 треба да се избрише бидејќи е спротивен на Законот за буџети.

Почитуван заменик министер, амандманот се предлага од причини што материјата што треба да се уреди со овој член веќе е уредена со Законот за јавен долг. Имено, во членот 2 во Законот за јавен долг во точка 2 е дефинирано што е тоа јавен долг. Кажано е дека јавен долг е државен долг и сите финансиски обврски создадени преку задложување на општините и градот Скопје како и на нивните претпријатија и трговски друштава кои се во целост или во доминантна сопственост на државата, додека во точка 3 е кажано кои се носители на јавен длог, дека тоа е Владата на Република Македонија, дека тоа се општините, јавните претпријатија, трговски друштва, кои во целост или во доминантна сопственост се во сопственост на државата. Имено, мислам дека, почитуван

заменик министре, треба да се определиме. Ако се прифати така како што е предложено, тогаш материјалните закони кои ја уредуваат оваа материја, нема да важат, или ќе создадат таква конфузија во иднина што ниту една општина нема да се снајде повеќе. Значи, треба да имаме измени и дополнување во Законот за јавен долг, треба да имаме измени и дополнувања во Законот за буџети и дури потоа може да зборуваме за измени и дополнување во Законот за финансирање на единицитие на локалната самоуправа, бидејќи ако веќе имаме точна дефиниција што е јавен долг, на крајот на краиштат повеќе од јасно е зашто тука станува збор и дали треба да се прифати или не. На крајот на краиштата погледајте го членот 12 од Законот за буџети и тој ќе ви каже зошто овој амандман треба да биде прифатен, заради тоа што во делот на задолжувањата во Законот за буџети, стои дека критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување, се утврдуваат согласно законот. Имено, веќе реков дека во членот 22 точка 1 и 2 од Законот за јавен долг, многу јасно се дефинирани условите како и на кој начин може да се регулира матиеријата, или пак едноставно кажано да се избрише дека носителите на јавен долг треба да доставуват барања до Владата на Република Македонија за поведување постапка за добивање на заем со обезбедена гаранција итн. Затоа, почитуван заменик министер ценам дека амандманот едноставно треба да биде прифатен и ниту сега ниту во иднина не треба или апсолутно е несвојствено вакви нешта да се регулираат во системски закони. Според тоа ценам, доколку се сака оваа материја да се регулира на поинаков начин, тоа би требало да се направи, да се регулира со Законот за јавен долг кој е материјален закон, а не да навлегуваме во системските закони што ако вака продолжиме ќе бидат се и сешто, а најмалку тоа што треба да бидат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Се јавив да дадам подршка на овој амандман поднесен од колегите пратеници со цел да се прифати овој амандман.

Би кажал дека јавните претпријатија кои се основани од општината треба да добијата претходна гаранција од Советот на општината од која се основани.

Јас повеќе би зборувал околу политичкиот интерес односно судир меѓу комуналното претпријатие кое е основано од општината и општината, бидејќи имаме доста примери во Македонија каде Советот на општината има мнозинство од една политичка партија, а градоначалникот е од друга политичка партија и овде доаѓа до несогласување меѓу Советот и општината, а како што знаеме, директорите на комуналните претпријатија ги назначува градоначалникот и често доаѓа до несогласување односно до уназадување на комуналните претпријатија бидејќи Советот е од друга политичка опција односно не е од истата партија како градоначалникот. Затоа, колегите кои предложиле укинување на овој закон, подполно ги подржувам, бидејќи некогаш и да е добро за комуналното претпријатие од политички инает советниците не би издале гаранција за задолжување на комуналното претпријатие бидејќи директорот кој е поставен од градоначалникот не е од иста политичка партија. Затоа овој член би требало да се укине од тие причини, бидејќи некогаш и да биде успешно комуналното претпријатие советниците можат да го кочат со својата одлука , со своето не за задолжување на комуналното претпријатие. Некогаш во некои општини, знам дека во многу општини во Македонија, комуналните претпријатија се во тека финансиска криза, особено во малите места. Секако не е проблем за едно комунално претпријатие во Струмица, можеби во Битола, во Штип, во Велес, но за малите општини е проблем, бидејќи не можат да истераат крај со крај. Затоа, како што реков во мојата дискусија, може да дојде до политички инает меѓу комуналното претпријатие односно директорот поставен од градоначалникот и советниците кои треба да дадат гаранција за задолжување на ова претпријатие. Затоа потполно ги подржувам колегите пратеници кои предлагаат за укинувања на членот 2 од Законот за единствена локалната самоуправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, 13 гласаа за, 1 воздржан, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов член 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финанасии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа, затоа што во постојниот закон веќе е утврден лимит во член 20 став 5.

Согласно тој член вкупниот износ на недостасаниот долг на општината, вклучувајќи ги тука сите издадени гаранции, не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно оперативниот буџет на општината од претходната година.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров. Повелете.

**Ацо Киров:** Јас потполно се согласувам со заменик министерот, но нашиот амандман сака да го дополни членот 2 кој сега е предложен како во Предлог законот. Занчи, како што кажа заменик министерот, имаме и во член 19, вкупниот износ на краткорочното задолжување во текот на фискалната година не може да надмине 20% од реализираните вкупни приходи на тековно оперативниот буџет во општината во претходната фискална година. Тоа е така, но со овоја амандман ние само бараме дополнување. Значи, во членот 2 по ставот 1 да се додаде нов член кој ќе го допрецизира член 19 кој вели дека Советот на општината не може да издаде поголема гаранција од 20% од резервните вкупни приходи на тековно оперативниот буџет на општината во претходната фискална година. Тоа го има во членот 19, бидејќи сега имам Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, сакаме да го дополниме со нов став член 2 односно веќе допрецизирање на овој постоечки член 19. Тука нема ништо лошо, бидејќи може да се случи  во некои општини, советниците не водејќи сметка иако после можеби тоа ќе биде стопирано, но има случаи кога советниците може да не водат сметка односно да немаат сознание за ова ограничување од 20%, да не биде поголемо од претходната фискална година. Значи, со овој амандман не бараме ништо друго туку само допрецизирање на член 19 и да биде како став 2 во сегашниот член 2.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Се јавив за збор по однос на овој амандман затоа што образложението што го даден заменик министерот потполно држи. Но, кога беше расправата по претходните амандмани, имавме амандман дека општината може да се задолжува само ако ги исполнува условите од членот 19 и членот 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Владата не го прифати тој амандман, а сега се повикуваат на таа одредба на законот. Значи, имаме двојно толкување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа односно како ќе и одговара на Владата, за некои амандмани држи тоа објаснување, за некои амандман не држи тоа објаснување.

Со овој предложен амандман, така како што е во член 2 дадениот став, не стои за какво задолжување се работи, дали се работи за краткорочно или се работи за долгорочно. Законот ги третира и двата случаи во членот 19 и 20. За да се допрецизира одредбата во членот 2 во кој се менува постојниот закон, добро е јасно да стои дека во најмала рака не смеат гаранциите да ги надминат процентите кои се предвидени во членот 19 и 20 од постојниот закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Мислам така ќе биде многу јасно, ќе нема дилеми во толкувањето, но кога ќе дојде расправата по текстот на законот ќе си ги изнесеме своите забелешки зошто сметаме дека Владата намерно остава простор за двојно толкување на овој закон.

Апелирам овој амандман да се прифати.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници гласаа 60, 12 гласаа за, 2 воздржано, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа од причини што со членот 3 од предлогот за изменување и дополнување на Законот за еднинците на локалната самоуправа, се врши усогласување со Законот за буџето кој се применува од 1 јануари 2006 година. Исто времено овој член не може да се избрише затоа што во него се дефинираат и процедурите на трезорското работење.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Никола Ќукрчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Образложението што го даде предлагачот на законот се основната причина зошто овој амандман треба да биде прифатен, заради тоа што предлагачот, кога му треба се повикува на Законот за буџети, кога не зборуваме за Законот за финансирање на локалната самоуправа. Работите се апсолутно изместени.

Почитуван заменик министер, доколку Владата на Република Македонија цени дека треба да се сопре развојот на локалната самоуправа и локалната демократија во Република Македонија, тоа е една работа и тогаш треба да се почитува предлог решението. Меѓутоа, доколку сакаме да добиеме регулирање на една материја која веќе е регулирана, тогаш работите треба да ги кажеме со вистинското име.

На тој начин како што вие предложивте во законот буквално вршите вистинска централизација на власта во Република Македонија, во делот на финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Тоа е повеќе од јасно. Имено во членот 3 кој го менува постојниот член 28 по точката 4 се вели дека, се надевам дека ќе ме сослушата и дека сугестиите едноставно ќе паднат во вода ако го прочтата ставо 4 кој вели;

“висината на една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година по сметки, по потпрограми и ставки ја пресметува Министерството за финансии. Значи, Министерството за финансии прави се да ги стави под капа буџетите на единиците на локалната самоуправа што е спротивно на Европската повелба, што е спротивно на жаложбите на Конгресот на локални и регионални власти, спротивно на Законот за финансирање на локалната самоуправа.

Имено, доколку го имате пред вас законот за финансирање на локалната самоуправа ќе видите дека и ставот 1 и ставот 2 и ставот 3 се буквално исти со точка и запирка да не речам. Сегашниот член на Законот изгледа вака. Во точка 1 - Советот на општината го донесува Буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во измените и дополнувањата стои во ставот 1 - Советот на општината го донесува Буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година по сметки, по подпрограми и по ставки.

Ве молам, начинот како се носи буџет и како се регулира е во Законот за Буџетите, а не системскиот закон да го регулираме заради тоа што требало да напишеме, што апсолутно не е точно, дека Советот на општината го донесува буџетот пак исто до 31 декември во тековната година, меѓутоа, по сметки, по подпрограми и по ставки. Како поинаку?

Ставот 2, доколку Советот на општината не го донесе Буџетот на општината до 31 декември во тековната година е должен да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за спроведување итн., од 1 јануари до 31 март во тековната година.

Во ставот 2 на измените и дополнувањата се вели: доколку Советот на општината не го донесе Буџетот на општината до 31.12. е должен да донесе одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за период од 1 јануари до 31 март за тековната година. И овде нема никакви промени.

Во ставот 3, градоначалникот ја одобрува исплатата на средства по сметки по подпрограми и ставки од буџетот, но најмногу до 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година, најдоцна до 31 март. Истата работа ја пишува и овде дека градоначалникот одобрува исплата на средства од Буџетот, од трошоци од претходна фискална година итн.

Значи, единствено останува да дискутираме за ставот 4 кој вели дека висината на 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фисклана година по сметки, по подпрограми и ставки ја пресметува Министерството за финансии.

Ве молам, ако ова не е централизација на власта дали има потреба да зборуваме понатаму. Ајде тогаш да го водиме Законот за буџети. Законот за буџети во членот 21 точка 5 вели дека информациите за одлуките на Владата на Република Македонија за наменски дотации, влог дотации и други дотации за општините утврдени со закон ќе се регулира со буџетскиот циркулар на општините и кои елементи да се содржат. Па, извинете, земете го членот 29, членот 19, членот 21 од Законот за буџети ќе видите дека оваа материја е апсолутно регулирана, нема потреба да измислуаме “топла вода”, освен ако сакаме да извршиме вистинска централизација во делот на финансирањето на локалната самоуправа во Република Македонија и тоа е повеќе од јасно. Ве молам, баре направете усогласување со Законот за буџети, тогаш ќе беше барем дискутабилно сето ова што го правиме ова, вака е апсолутно непотребно. Јасно е како се регулира некоја материја во некоја држава. Ве молам, прифатете го законот, постојното решение е подобро од ова што го нудите вие. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Реплика има заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** И во претходните дискусии и во оваа дискусија се доведуваме во една заблуда кој закон е системски, а кој закон е материјален. Не може да кажеме дека Законот за буџет е материјален закон или Законот за јавен долг е материјален закон. Воопшто не станува збор дека Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е системски закон. Тој закон произлегува од Законот за буџети, како што од Законот за буџети произлегува Законот за јавен долг.

Во овој член боде очи, сакам да дадам само едно појаснување, во членот 3 можеби боде очи точка 4 се вели: Висината на 1/3 од вкупоно извршените расходи во првиот квартал од претходната финансиска година по сметки по подпрограми и постапки ја пресметува Министерството за финансии. Тоа беше оценето дека е како централизација. Не се работи за централизација, кој може друг да ја пресмета таа 1/3 ако не Министерството за финансии, бидејќи сите сметки на општините се во единствената трезорска сметка, така што податоците за општините ги има Министерството за финансии. Што е тука лошо ако ја направи само таа пресметка од 1/3. Ако сметките на општините се влезени во единствената трезорска сметка, тогаш податоците може да ги земе само Министерството за финансии. Порано сметките беа во деловните банки, сега се во единствената трезорска сметка.

Почитуван пратеник, овде не се работи за централизација, пресметката ќе ја направи Министерството за финансии врз основа на конкретните сметки во трезорската сметка. Не се работи за централизација. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

За збор е пријавен господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван заменик министер, ќе го задржиме нивото, нема да објаснуваме кој колку разбира и како разбира и нема да објаснуваме што е системски закон, меѓутоа, ве молам, заради македонската јавност, сакам да кажам и да повторам она што еднаш го реков.

Дека Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија е системски закон, дека имено, системот на локалната самоуправа во Република Македонија почива на три закони, а тоа се: Законот за локална самоуправа, Законот за територијална организација и Законот за финансирање на локалната самоуправа. Тоа се трите носечки закони. Имено, ако го прочитате образложението на предложениот амандман вели дека амандманот се предлага од причини што материјата што предлагачот предлага да се регулира со овој член треба да се регулира и уреди со Законот за буџетите. Ако веќе нешто сакаме да менуваме, тогаш ќе менуваме во Законот за буџетите а не во овој закон. Токму тоа и вие го рековте почитуван заменик министер. Инаку, апсолутно нема никаква врска тоа дека Министерството за финансии ќе изготвува 1/3, ги има сите сметки, едно е Министерството за финансии, а друго е трезор. Да не ги мешаме тие две институции. Едни надлежности има едната институција, други надлежности има другата институција.

Ве молам, амандманот е многу добар за вас како предлагач да биде прифатен вака како што е. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

За реплика е пријавен заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Едно е Министерството за финансии како институција, а друго рековте институција трезор. Трезорот е во рамките на Министерството за финансии, каде би можело да биде. Јас не знам, трезор не е институција, тоа е во рамките на Министерството за финансии.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема доволен број)

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата во моментот на гласање немаше доволен број на пратеници, гласањето е неважечко.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да може да гласаме.

Уште еднаш ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеницит во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Бидејќи во салата има доволен број на присутни пратеници, има 61 пратеник, амандманот го ставам на повторно гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 56 пратеници, од нив 9 гласаа за, еден воздржано, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам пререс по амандманот на член 3 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** До сега дискутиравме за амандман кој е сличен на овој.

Амандманот не се прифаќа.

Со членот 3 став 4 кој предлагаат да се брише од Предлогот за измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците локалната самоуправа се врши усогласување со член 32 став 1 од Законот за буџети. Ова се однесува за временото финансирање на општините.

Ако овој став се избрише ќе нема регулатива за времено финансирање на општините. Со законот за буџети ова се решава за државата со членот 3 се решава за општините. Дилемата е тоа што пишува тука Министерството за финансии пресметува 1/3, уште еднаш ќе повторам дека нема кој друг да пресмета освен Министерство за финансии, затоа што трезорот е во Министерството за финансии. Тоа е едноставно пресметка, што друго би направило Министерството за финансии, се работи за една пресметка. Трезорот е во рамките на Минисерството за финансии, тоа не е посебна институција, така што нема кој друг да го пресмета. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, иако заменик министерот се трудеше да ни објасни дека ова мора да стои дека ќе се доведе во прашање финансирањето на единиците на локална самоуправа во случаите кога до 31 декември нема да се донесат буџетите, поради разни причини, мислам дека овој став врши класично преземање на надлежностите на општините во раце на Министерството за финансии. Зошто?

Објаснувањата што ги даде заменик министерот во најмала рака не држи. Ако во првата фаза на процесот на децентрализација општините имаа обврска да формираат одделение за финансии, Одделение за прибирање на даноци, да примат овластен сметководител кој што ќе ги потпишува

документите, да примат внатрешен ревизор, финансиски да се екипираат да прибираат даноцим, да донесуваат буџет со кој што ставките ќе бидат пријавени во трезорот. Зошто тогаш општините ги правеа сите овие трошоци да формираат одделенија, финансиски да се екипираат ако не можат врз основа на Буџетот кој што минатата година го извршиле да пресметаат тие одделенија 1/3 колку им биле расходите во претходната година па мора Министерството за финансии да им пресметува како овие луѓе да не завршиле факултет, да немаат високо образование или општините да не знаат да направат проста математика.

Мислам дека со овој член се врши класично преземање, не е некоја голема надлежност, но мислам дека не треба Владата на вакви ситни работи да си дозволува да им одзема на општините надлежности за кој што тие граѓаните на општината плаќаат општината да ги врши тие финансиски работи.

Значи има овластен сметководител, има внатрешен ревизор, има одделение за финансии кој што се занимава токму со подготовка на буџет, со финансирање. Тоа што контролата ја врши трезорот, нема никаква врска со тоа дека само Министерството за финансии или трезорот ги има податоците за тоа колку биле буџетите на општините. Улогата на трезорот е да врши контрола. Значи не смеат буџетите или општините да реагираат ставки преку налози од трезорот повеќе од она што е предвидено во Буџетот. И тоа е улогата на трезорот. Да врши контрола на финансиското работење на единиците на локална самоуправа, при реализирање на налозите за плаќање, дали тие налози средствата се предвидени во буџетот. И затоа господине министер мислам дека ваква формулација не држи.

Ако вие сметате дека некои општини не ги завршиле обврските од првата фаза од процесот на децентрализација, кадровски не се екипирале, не направиле доволен капацитет во општината да може да ги решаваат овие прашања, дајте посебен став за нив, дека за оние општини кои што не можат сами да пресметааат 1/3, верувам дека нема таква за тие Министерството за финансии, а вака генерално, за сите општини и за големи во Република Македонија, кои што ги исполнуваат сите услови да преминат во втора фаза во процес на децентрализација да ги оставите во ситуација да чекаат согласност од Министерството за финансии, во услови кога имаат стручни вработени кои што можат ова да го направат. Нема логика едноставно. За општина Велес, Скопје, или не знам некоја Струмица кои што имаат одделенија со сите предвидени законски надлежности, Министерството за финансии да им наредува на 1/3 колку им е од Буџетот. Не ја гледам логиката на ова. За тие општини кои што не можат ставете. Но прецизирајте одредено. Не ставајте вакви членови во кој што нема јасно прецизирање за кој се однесува. Имајте малку верба во единиците на локалната самоуправа.

Градоначалниците се гласани на непосредни избори. Тие одговараат пред граѓаните. Не може вие цело време да ги контролирате, или да ги ограничувате со вакви членови во работењето. Напротив, вие треба да им создадете предуслови за работа во рамки на законот, но тоа да не биде со ограничувања. Затоа мислам дека овој став од член 3 треба да се избрише, или да се допрецизира за кои општини се однесува, ако се однесува за оние кои не можат, или немаат финансиски одделенија да можат тоа да го направат, да утврдат 1/3 од расходите пред тоа. Во спротивно мислам дека ова е уште еден иструмент со кој ќе се ограничи самостојноста на општините. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Почитувани пратеници, платниот промет на општините, на министерствата, на корисниците на средства од Буџетот се извршува преку трезор. Ние во трезорот знаеме како Министерство за финансии колку средства се потрошени минатата година во првиот квартал. Што е тука спорно. Да кажеме дека толку средства ви бил Буџетот претходниот квартал, толку средства се потрошени и дека тие средства ќе ви бидат за времено финансирање, 1/3 која што е месечно, за месечното финансирање.

Станува збор за времено финансирање на општините. Не станува збор за согласност која што ние треба да им ја дадеме. Им кажуваме толку сте имале претходната година поминато преку трезор, толку пари ќе имате и за оваа година за времено финансирање. Зошто? Затоа што не сте успеале да го донесете Буџетот на време, од интерес на граѓаните толку пари имате на располагање за времено финансирање. Јас не гледам тука што е спорно. Мислам дека сум и јас доволно јасен и со овој член кој што го предлагаме, кој што е внесен во измените и дополнувањата јасно се кажува и се регулира временото финансирање. Не станува збор за централизација, или ние да им наредуваме, или да им даваме согласности како што кажа почитуваниот пратеник, не станува збор за согласност, станува збор за кажување колку било минатата година, првиот квартал. Ние тие податоци ги имаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Значи, господине заменик министре податоците што ги има трезорот ги имаат и општините.

Прво, Буџетот кога се носи се доставува и во електронска форма до трезорот. Извршувањето на Буџетот преку налози оди преку трезор и не може да извршите налог ако од Буџетот преку трезор, во Буџетот немате обезбедено средства. И општините носат завршна сметка на крајот од годината од која што се гледа колку извршиле

пред тоа. Значи, и општините ги имаат истите податоци кои што ги има и трезорот. Сега зборуваме затоа што има општини кои што имаат финансиски одделенија, овластени лица, сметководители, ревизори, економисти кои што можат тоа да го направат. Нема потреба Министерството за финансии да си презема таква обврска да прегледува. Реков за тие општини, а за тие што немаат или не можат во ред. Допрецизирајте го членот. Вака вие повторно земате дел од работите кои што се однесуваат на единиците на локална самоуправа, во најмала рака сега да не прејудицираме што би се случило ако не стаса пресметката од Министерството за финансии.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Јас ќе бидам многу краток за да не се повторувам со колегата Марјанчо Николов затоа што тоа што мислев да го кажам тој го кажа.

Моето мислење беше дека оние општини кои се екипирани односно имаат оддел за финансии ссе општини кои што можеби во тој момент кога ги формираа овие одделенија финансиски не беа којзнае колку моќни, средствата што требаше да ги одделуваат во овој сектор требаше во друга област да се употребат, но тие сепак ги формираа, ги помрднаа овие одделенија односно сметководители, помошници сметководители и тн. и општината беше оптеретена односно и ден денес е оптеретена.

Околу овој член односно со овој амандман зошто бараме укинување на ставот 4 од член 3 и можеби и заменик министерот донекаде е во право, но сепак јас мислам дека ние сме повеќе во право многу повеќе од него со тоа што сакаме да се укине ставот 4 од членот 3.

Ставот 4 вели: “Висината на 1/3 од вкупно извршените работи во првиот квартал од претходната фискална година по сметки, по потпрограми и ставки ја пресметува Министерството за финансии”.

Колегата Марјанчо Николов доста зборуваше и си реплицираа со заменикот на министерот дали треба тоа да го пресметува Министерството за финансии или ова одделение кое што веќе е формирано во самата општина и кое е на терет на самата општина.

За мене пологично би било овој амандман, ставот 4 во член 3, по потпрограми и ставки да не стои во продолжение “ја пресметува Министерството за финансии”, туку можеби пологично би било, или како што кажа колегата Марјанчо Николов да се дополни овој член, да се доработи, да не биде исклучиво оставено пресметувањето на Министерството за финансии, туку да биде како некој вид контрола. За мене пологично би било податоците да ги дава општината, бидејќи како што претходно зборувавме повеќе пати си има луѓе кои можат тоа да го направат, си има податоци во општината и само тоа може Министерството за финансии да го провери или одобри.

Од тие причини бараме Министерството за финансии да не биде тоа кое ќе ги пресметува овие средства, иако заменикот на министерот рече дека тие се односно трезорот е тој кој што знае колку средства биле во првите три месеци од претходната година, а трезорот е под Министерството за финансии и има податоци, и заменикот министер вели дека само ќе ги доставaт и ќе кажат колку средства се тие.

Ние тоа го знаеме, не го негираме дека и Министерството за финансии знае со колку средства располага општината, но со бришење на ставот 4 од членот 3 сакаме да дадеме на знаење и да кажеме дека и општината знае колку средства треба да има односно колку имала претходната година.

Нема ништо лошо во предложениот амандман, можеби немаше ни да дискутираме ако беше исфрлено од став 4 “ја пресметува Министерството за финансии висината на 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната година”.

Значи нашето инсистирање со колегата Марјано Николов и другите пратеници кои што го имаат потпишано овој амандман е да докажеме и да кажеме дека и општината ги има сите податоци, може само да си пресмета, има екипирано одделение од оваа сфера и нема потреба да го прави тоа Министерството за финансии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Благородна Цветковска. Повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван потпретседател, заменик министер, почитувани пратеници.

Амандманот што е поднесен од пратеничката група на СДСМ е со една единствена цел, во членот 3 ставот 4 да се избрише. Да не се повторуваме, бидејќи моите колеги пратеници дадоа навистина исцрпно зошто бараат по членот 3 ставот 4 да се избрише, мислам дека се разбравме. Амандманот се предлага со цел да продолжи процесот на децентрализацијата онака како што треба.

Повторување навистина нема потреба, но мислам дека премногу се преземаат ингеренции кои припаѓаат на општините. Сепак мислам дека треба да има допрецизирање на овој став и Министерството за финансии, кое зема дел од обврските на единиците на локалната самоуправа треба да се допрецизира тој член, тој став од членот 3, затоа што ова изгледа како да се нема верба во единиците на локалната самоуправа, а сите ние знаеме дека градоначалникот, без разлика од која и да е политичка партија, градонаалникот е избран на непосредни избори. Сепак почитуван заменик министер вашите гримаси што ги давате на колегите пратеници треба да водат кон тоа дека градоначалникот има големи ингеренции во општината и дека сите работи што се знаат во Министерството за финансии, во трезорот на крајот на годината и во

општините истата процедура тече. Така да и градоначалниците и советот на општината се запознаени со сите овие работи. Не е некоја новина што треба ние сега да ја учиме овде. Едноставно бараме да не се одземаат ингеренциите на општините. Општината, единиците на локалната самоуправа треба да си имаат свои обврски. Нивните ингеренции не треба да им се одземаат. Министерството за финансии не може да ги има сите обврски во свои раце. Тогаш зошто ни се градоначалници, зошто ни е совет на општина. Мислам дека треба да се почитува една хиерархија која постои. Сметам дека овој амандман треба да се прифати бидејќи со овој амандман ние уште повеќе го зајакнуваме процесот на децентрализација, а тоа е став на сите нас почитувани пратеници, но по ова ќе дискутираме по Предлогот на текстот по предложениот закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Цветковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службните да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ги молам уште еднаш службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник за амандманот гласале 55, од кои 6 гласале за, 1 воздржан и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии. Повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

Членот 4 не може да се избрише, затоа што со членот 4 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа се врши усогласување со член 38 став 1 алинеја 15 од Законот за буџети.

Членот 4 е усогласување со трезорскиот начин на работење. Значи сега се регулира трезорското работење на општините.

Од 1 јули 2005 година сметките на општините, како што кажав и за претходниот амандман, од деловните банки се пренесоа во трезорската сметка на државата. Со ова се регулира трезорското работење.

Само уште една информација за пратениците.

Има едно упатство, а сега веќе тоа го регулираме со закон, упатството за трезорско работење на општинтие е донесено некаде јуни-јули месец од претходната Влада од страна на Министерството за финансии во 2006 година. Така да упатството постои за трезорскиот начин на работење а сега тоа се регулира и со закон. Упатството е донесено од претходната Влада, од претходниот министер за финансии, така да сметам дека овој член не треба да се избрише и не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, овој амандман се предлага од причини што материјата што треба да се уреди со овој член треба да се уреди пред се со Законот за буџети, Закон во кој што веќе е регулирано користењето на средства, планови како и тоа како и на кој начин се врши трезорското работење.

Имено, почитуван заменик министер овие два нови става во постојниот член на Законот, член 30 од Законот прават една навистина вистинска збрка во работењето, или ќе направат вистинска збрка во работењето на општините односно единиците на локалната самопурава и апсолутно тврдам дека не придонесува до тоа да се прецизираат постапките и процедурите во работењето на единиците на локалната самоуправа.

Имено овој член е спротивен на членот 26 од Законот за јавен долг.

Бидејки вие спомнавте нешто, јас ќе го цитирам тоа што вие го рековте.Во членот 26 од Законот за јавен долг тоа прашање веќе е дефинирано многу попрецизно отколку што нуди вашиот член 4, или овие два нови става на членот 30 од постојниот Закон.

До колку се одбие амандманот, работите во делот на информриањето и извршувањето на Буџетот, ќе се направи вистинска конфузија и ако го погледнеме точно членот 38 од Законот за буџетите на кој вие се повикавте, за кој веќе кажавте каков закон е, да видиме кои се елементи ги регулира овој член. За да им биде појасно на колегите, јас ќе прочитам што се регулира со членот 38 на кој се повика предлагачот. Вели: Во членот 28 се регулира работењето на трезорот. Значи трезорот ги врши следните работи: управува со трезорската сметка и другите сметки на државата отворени од страна на Министерството за финансии, води трезорска главна книга, води регистар на буџетски корисници и единки на корисници, води буџетско сметководство на приходи и расходи во Буџетот

на Република Македонија, води евиденција за напалта на приходи и други приливи на трезорска сметка и врши распределба по корисници, врши повратна погрешно или повеќе уплатени приходи кои се во надлежност на Министерството за финансии, води евиденција на извршени расходи и други одливи на трезорска сметка, води евиденција на преземени обврски од страна на буџетски корисници и единки корисници на централната власт, води евиденција за достасани ненаведени обврски на буџетски корисници, ги предлага и се грижи за спроведување на процедурите за трезорско работење на буџетски корисници и единките корисници, подготвува класификација на потсметки во рамките на трезорска сметка, ја предлага или ги предлага формата и содржината на обрасците на плаќање што ги користат буџетски корисници и единки корисници, изготвува дневни и периодични извештаи за наплата на приходите и реализација на расходите од Буџетот на Република Македонија, според домашни и меѓународни стандарди, подготвува проекции на приходи и други приливи и расходи и други одливи на трезорска сметка и други сметки на државата и управува со нивната ликвидност, одобрува финансиски годишни планови по квартали и квартални финансиски планови по месеци, ги извршува налозите по основ на решенија за присилна наплата доставени од Народна банка, ги известува корисниците и единките корисници за промет и состојба на нивните сметки. И точка 2, начинот на трезорското работење поблиску го пропишува министерот за финансии. Значи начинот на финансиското работење, начинот на работење на единиците на локална самоуправа веќе е регулирано со член 38 од Законот за буџетите, во делот на работењетона резорите. Имено, почитуван заменик министер, нема потреба да се донесува нешто што веќе ед однесено, нешто што веќе е јасно, заради тоа што ќе се направи, велам конфузија во единиците на локална самоуправа заради тоа што факт е, сакале ние да гопризнаеме тоа или не, втората фаза на децентрализација на власта во Република Македонија,нема да речам дека е стопирана меѓутоа е со благ или поголем застој и прашање е кога сите ќе констатираме дека во тој дел Република Македонија не оди со потребното темпо, меѓутоа ќе го почекаме извештјот на Советот на Европа, Конгресот на регионални и локални власти, сега во мај е, па ќе видиме дали забелешките и во оваа сфера ќе бидат присутни во истиот.

Како што погрешивте и за претходниот член, почитуван заменик министер, кога зборувавте за вкупната маса на средства со која располагаат во првата третина од годината единиците на локална самоуправа е една работа, меѓутоа ако се работи за ставки, потставки и т.н., а тоа го регулира Министерството за финансии, не постои друга терминологија, не постои друг термин освен централизација на власта. Токму во тој дел ве замолувам уште еднаш да го погледнете ова и ќе видите дека членот 4 и овие две нови алинеи, апсолутно се непотребни и барам да се прифати амандманот како што е предложен. Затоа почитувани колеги, ценам дека работите во сферата на локална самоуправа ќе се усложнат до колку на ваков начин продолжиме да ги третираме проблемите кои реално ги имаат општините во овој момент, меѓутоа место да ги решаваме ние изгледа ќе се обидме со носење на вакви и слични закони, дополнително да ја искомплицираме работата во општините.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, за амандманот гласаа 56, за гласаа 8, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Регулирањето на статусот на одговорниот сметководител е во друг закон, така

што статусот не се определува со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Тука е дефинирано што тој треба да работи, а неговиот статус ќе биде регулиран евентуално со измени во некој друг закон. Така што амандманот не се прифаЌа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаша амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик минситер јас знам дека одговорниот сметководител се регулира со друг закон односно со Законот за државни службеници, но сепак, бидјеки финансирањето односно сметководителот доаѓа од локалната самоуправа и своите примања ги добива од таму, значи финансирањето го врши локална самоуправа, со ова јас и колегата Марјанчо Николов сакавме да им укажеме на надлежните министерства дека оваа категорија на луѓе, овластени сметководители не се рангирани според своето образование, според својата тежина штоја обавуваат во својата општина.

Без разлика дали би требало да кажам нешто повеќе, според тоа што вие го рековте дека не им е местото овде, јас би сакал да кажам нешто повеќе околу овие овластени сметководители, бидејки не се работи за еден или двајца сметководители во Република Македонија, туку се работи за повеќе сметководители, околу стотина во Република Македонија кои немаат регулиран статус во која категорија спаѓаат односно тие се

државни службеници, но во повеќе општини се водат како соработници или помлади соработници. Тоа се луѓе кои кога конкурираат за вработување, или кога дошле во општината, се луѓе кои имаат најмалку 5 години работно искуство.

Секој градоначалник го има овластен сметководител и тој целосно се потпира на неговата доверба, на неговото знаење односно овластениот сметководител ако каже дека може да помине овој налог, налогот ќе помине, ако има средства за тоа ќе го советува градоначалникот и т.н. Значи овластениот сметководител е државен службеник кој работи во општината кај кој градоначалникот има и би требало да има големо поверение, бидејќи од него зависи дали ќе ги надмине некои сметки, правилно или нерпавилно, ако е неправилно секако ќе биде обавестен градоначалникот. Но, овие луѓе, не случајно го поднесовме овој амандман, овие луѓе, како што реков ги има можеби околу стотина во Република Македонија и во ни една општина нивниот статус не е регулиран. Нивното барање е барем да бидат во правата категорија, во локалната самоуправа, според рангот.

Бидејќи заменик министерот веќе го кажа своето гледам дека не е баш заинтересиран за тоа што го зборувам јас, нокако што реков амандманот го поднесовме од причина да ја алармираме состојбата за овие луѓе кои работат во општината и да ги запознаам колегите пратеници од опозицијата и позицијата дека нивното барање е барем да бидат во оваа прва категорија на државни службеници во општината па да бидат и на најниското ниво. За ваше запознавање, би кажал дека во општината државните службеници се распоредени во три групи.

Во првата група се раководни државни службеници, во втората група се стручните државни службеници и во третата група се стручно административни државни службеници.

Значи, според тежината што ја носат овие овластени сметководители, во секоја општина, според знаењето што го имаат, според тоа што се десна рака на градоначалникот, нивното барање е да бидат бидат сврстени во првата категорија, па макар нека бидат и под точка 5, во раководители на одделенијата.

Пред малку во еден амандман, кога зборувавме за тоа јас кажав нешто, еве сега во претходниот амандман кога колегата Ќуркчиев зборуваше за член 30, извадоци од тој член, само би го прочитал став 3 кој вели: “општината не може да изврши плаќање до колку одговорниот сметководител претходно писмено не потврди дека расходот е одобрен во Буџетот и дека се обезбедени потребните средства. Значи и во овој член став 3 кажува дека овластениот сметководител е со голема тежина односно е човек кој треба да стави свој потпис, дали писмено или усмено, до градоначалникот, или до надлежните институции кои ќе одобрат одредени ставки, поставки и т.н.

Кога зборувам за овластениот сметководители би ја искористил приликата да кажам, иако заменик министерот кажа дека сега тоа не е тема, сепак јас би сугерирал до надлежните министерства и вие доаѓате од тоа минситерство, да се води сметка за овие луѓе. Исто так аи министерот Трајко Славески пред 5-6 дена има кажано дека секоја општина сега треба да има и внатрешен ревизор кој ќе биде државен службеник. Но и овие внатрешни ревизори ќе се соочат со проблемот сокој се соочуваат сегашните овластени сметководители односно и таа категорија овластен сметководител и категоријата внатрешен ревизор се државни службеници, а за внатрешниот ревизор министерот Славески рече дека ќе бидат државни службеници. Но, и оваа категорија на луѓе односно функцијата внатрешен ревизор, не е кажано во кој ранг ќе биде. Затоа,како што кажав, овој амандман го поднесовме со колегата Николов, со цел да ја покренеме работата, кога за овие луѓе кои не се категоризирани, кај кои се бара најмалку 5 години работно искуство, кај кои градоначалникот има потполна доверба, кој го покрива градоначалникот, а не спаѓаат во ниту една категорија. Значи неслучајно го покренавме тоа и во наредниот период ако дојде некој предлог закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници и таму ќе реагираме амандмански, оваа категорија на луѓе да си добие свое место во општината, како што и пред малку спомнав за новите луѓе кои треба да бидат вработени внатрешни ревизори кои од 1 септември треба да почнат да работат во општините, а минситерот Славески не кажа во кој ранг ќе бидат овие внатрешни ревизори.

Благодарам што заменик минситерот ме сослуша и се надевам дека тоа што го зборував, тој рече дека амандманот не го прифаќа, знаев дека нема да го прифати, знаев однапред дека ќе каже дека тоа се регулира со Законот за државни службеници, но сепак ова беше прилика да го кажам тоа што го бараат луѓето односно овластените сметководители, а можеби тоа ќе го бараат и внатрешните ревизори, да го пренесе во Министерството за финансии, и до минситерот Трајко Славески и за овие луѓе да се најде место, како што тие бараат да бидат најмалку во првата категорија, став 5, за да бидат понезависни.

(Со седницата продолжи да раководи Иван Анастасовски)

**Иван Анастасовски:** Повелете господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:** Јас се јавив сосема кратко да дадат поддршка на амандманот предложен од моит екоелги Ацо Киров и Марјанчо Николов, бидјеки тенденцијата на амандманот е практично заложбата за зацврстување на институциите на системот, во овој случај на општината каде што одговорниот сметководител не само што е десна рака на градоначалникот, туку многу повеќе, тој е чувар на општинската каса и практично човек од најголема доверба во самата општина, лично не би се врзувал за позицијата на градоначалникот.

Владата, со сите измени на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа има тенденција да ги централизира работите, да ја зголеми контролата, но од друга страна не сака да им даде соодветен третман на луѓето кои работат на оваа проблематика. Господинот Киров точно и прецизно ја кажа поентата цитирајќи го членот 30 став 3 каде што во глава извршување на Буџетот, општината не може да изврши плаќање до колку одговорниот сметководител претходно писмено не потврди дека расходот е одборен во Буџетот и дека се обезбедени потребните средства.

Ако сакаме да зборуваме за зајакнување на институциите, зајакнување на општините, ако сакаме со помалку грижи да влеземе во втората фаза на процесот на децентрализација со јасна визија што сакаме од процесот на децентрализација да направиме, тогаш треба да се грижиме и за вработените во општините да имаат соодветен третман.

Можеби не држи објаснувањето, ако ова треба да се регулира со Законот за државни службеници затоа што видовме дека со предложените измени на овој закон се коси Законот за извршување на буџетите и се коси со Законот за јавен долг, има недоречености и тоа не може да ни биде алиби.

Некако стана пракса сите закони кои доаѓаат, а се поврзани со единиците на локалната самоуправа имаат хендикеп од уставен и законодавен карактер или хендикеп на прецизност и корелација со другите законски проекти така што не не изненадува овој денешен предлог, но мислам ако Министерството за финансии сака да преслика една потполна контрола и едно трезорско работење кое функционира на државно ниво, мислам дека треба соодветен третман не само да го преслика со закон што ќе го напише, туку да го преслика со една конкретна имплементација луѓето кои работат на таа проблематика, тоа се одговорни сметководители, имаат соодветен третман како државни службеници од прва категорија или прва група.

Мислам дека парламентарното мнозинство треба да размисли за ова, бидејќи, за жал, имаме хендикеп проблемите на локално ниво да ги третираме оптоварени од политиката на централно ниво. Не мислам дека било кој граѓанин, пратеник кој припаѓа на една општна ќе има зијан ако се прифати овој амандман. Напротив, ќе има ќар затоа што ќе се зголеми степенот на одговорност кај одговорните сметководители и нема да се секираат како се трошат парите односно како се извршува Буџетот на општината.

Секој од нас кој живее во некоја општина сака да има помалку афери, недоумици, дилеми за тоа како се трошат општинските пари, како се извршува буџетот во рамките на општината и мислам дека во овој момент не треба да не влече политичката разлика на централно ниво затоа што зборуваме за секојдневна проблематика и се надевам дека апсолутно еден бениген амандман од кој само ќе се зголеми одговорноста или ќе се регулира одговорноста што и сега ја имаат овие одговорни сметководители нам ќе ни даде една позиција како граѓани кои припаѓаме на една општина да бидеме подоверливи и да го издигнеме степенот на доверливост кон тоа како се извршува Буџетот во општината на која припаѓаме.

Затоа би апелирал до парламентарното мнозинство да го прочита амандманот, се надевам дека врз база на тоа после тоа ќе го подржи амандманот, без разлика што доаѓа од пратеничката група на СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, само накратко би сакал и јас како предлагач да апелирам до парламентарното мнозинство и до заменикот министер малку посериозно да ја сфатат намерата која се предлага односно поради која е поднесен овој амандман, а тоа е да се зајакне позицијата на една од клучните контролни точки во општината кога е во прашање извршувањето на Буџетот, а тоа е овластениот сметководител.

Претходно Министерството поднесе измени и дополнувања на Законот за внатрешна ревизија во кој на внатрешните ревизори им се даде можност да бидат вработени во општината и да добијат статус на државен службеник. Сите ние го поздравивме тоа, бидејќи тоа беше добро решение затоа што претходно внатрешните ревизори ги именуваше Советот на предлог на градоначалникот и тие беа многу политички зависни од тоа која гарнитура ќе биде во Советот и од која партија е градоначалникот така што не можеа до крај одговорно и совесно да ја извршуваат својата задача.

Ценевме дека е добро решение со тоа што имаше пропуст дека не се утврди рангот на внатрешните ревизори, сега е таков случајот со овластените сметководители.

Затоа сметам дека колку појака позиција имаат овие двајца државни службеници вработени во општината, толку е поголема внатрешата контрола во општината, толку ќе биде посовесно и поодговорно трошењето на парите преку Буџетот од страна на градоначалникот што ги внеле граѓаните на таа општина.

Бидејќи заменик министерот го одби амандманот, апелирам во најскоро време Министерството за финансии или кој е надлежен за ова прашање, да поднесат измени и дополнувања на Законот и за внатрешните ревизори и за овластените сметководители во кои ќе им се определи рангот односно најдобро би било да бидат во првата група на ниво на раководни државни службеници затоа што одговрноста им е голема и една од клучните точки за контрола на трошењето на парите на граѓаните, затоа мислам дека овој

статус ќе олесни како се трошат парите во една општина. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Само две реченици би кажал пред да се помине на гласањето. Додека зборувам нека влезат пратениците во салата да можеме да го изгласаме овој амандман.

Тоа што сакав да го кажам го кажав претходно и на крајот би сакал да му кажам на заменикот министер, ако добро ги слушаше моите последни зборови што ги кажав тоа да го пренесе во Министерството за финансии, на министерот Трајко Славески, би го потсетил, знам дека го знае, ние пратениците кога бараме нешто или кога амандмански сакаме да интервенираме во одредена област по одреден закон, а тоа тежи на Министерството односно кога со амандманите бараме пари знам дека тешко се даваат, но барем во овој случај, со овој амандман кој го поднесовме, Министерството за финансии нема да биде оптоварено, туку овој овластен сметководител ќе прима плата од самата општина.

На крајот би сакал заменик министерот тоа да го пренесе и да имаат предвид кога ќе има расправа по некој предлог закон за измени или дополнувања на Законот за државни службеници дека тоа ќе биде на товар на општината, а не на товар на Министерството за финансии односно државата, односно нема да бараме пари од нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Сега во салата имаме 61 пратеник, ги молам пратениците да седнат на своите места, ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата имаше 62 пратеника, вкупно гласале 58, од кои за гласале 9, еден воздржан, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа од причина што членот 5 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се врши усогласување со член 11 од Законот за буџети.

Со ова се регулира прашањето за користење на средства од резервите. Досегашниот закон дозволуваше Советот на општината да може да донесе одлука за да се искористат средства од резерви.

Со измените што се прават може и градоначалникот на општината да искористи средства од резервите, но најмногу до 50 илјади денари. Ова е зајакнување на позицијата на градоначалникот. До сега воопшто немаше прво да потпишува за користење на средства од резерви, сега има до 50 илјади денари. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер ќе се обидам барем овој амандман да го објаснам зошто претставува амандман со кој најјасно покажувате дека децентрализацијата на власта во Република Македонија е закочен процес и дури оние надлежности кои се добиени од страна на постојните закони, се одземаат.

За другите амандмани веројатно или ќе ги повлечам или не знам дали воопшто има логика да дискутирам.

Почитувани колеги пратеници, членот 5 кој го предлага предлагачот вели дека во Буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани трошоци, расходи, можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва. Тоа го има и во постојниот закон кој вели дека во Буџетот на општината може да се планира буџетска резерва за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи во износ не поголеми од 3% од Буџетот. Употребата на буџетската резерва ја одобрува градоначалникот на општината.

Со измените и дополнувањата нормално тие ингеренции му се одземаат на градоначалникот и тој може да одлучува само за средства од 50 илјади денари. Бидејќи за користење на овие средства, а тие средства се за елементарни непогоди, значи, доколку имате една елементарна непогода во некоја општина, поплава, не дај боже замјотрес, или слично, градоначалникот не смее да потроши повеќе средства од 50 илјади денари. Во тој случај тој мора да го свика Советот за да донесе одлука како и на кој начин ќе помогнат во настанатата ситуација. Замислете кој апсурд е тоа. Тоа не е децентрализација на власта, туку вистинска централизација.

Имено, ако не можеме да им помогнеме на општините зошто одмагаме, навистина не ми е јасно.

Почитуван заменик министер, одговорноста за процесот на децентрализација на власта не е во пратениците, не е во локалната самоуправа, туку е во централната власт. Ние сакаме да помогнеме

онолку колку можеме, онолку колку ќе добиеме шанса, онолку што ќе ни дадете вие. Не може локалната власт сама да си земе ингеренции, туку давањето е надлежност на централната власт. Вие, наместо да давате да продолжиме со процесот на децентрализација на власта, и она што го има, го одземате.

Амандманот се предлага од причини што материјата, јас предлагам амандманот да се брише, заради тоа што материјата која се регулира со овој член од страна на предлагачот е веќе уредена со членот 11 од Законот за буџети.

Во членот 11 од Законот за буџети се вели дека во рамките на централниот буџет односно буџетот на општината се планираат средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други неоправдани случаи како и за програми кои во текот на подготовката на буџетите не можеле да бидат планирани.

Постојаната и тековната буџетска резерва не може да надмине 3% од вкупните тековни расходи на буџетот. Тоа е членот 11 кој веќе ја регулира оваа материја, почитувани колеги.

Доколку го погледнеме членот 48 од Законот за буџети, точка 5 вели дека градоначалникот на општината на Советот на општината му поднесува годишен извештај за користење на средствата од резервите. Во став 1 од овој член се вели за користење на средства од резервите од членот 11 кој веќе го кажав, од овој закон, одлучува Владата на Република Македонија односно Советот на општината.

Почитувани колеги, или сакаме да правиме збрка во нашите закони или ќе ги почитуваме до крај.

Почитуван заменик министер, ќе завршам со уште една реченица, повеќе пати денеска го спомнавте Законот за буџети. Бидејќи Законот за буџети е (лекс специјалис), не правете забуна за нешто што нема потреба и прифатете го амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ова е еден амандман или амандманот се однесува на еден член кој е типичен доказ за она што го зборуваме цело време, а тоа е од еден аспект желба со закон да се стави контрола која, за жал, нема законска корелација со некои закони кои се подолго време во функција во нашата држава. Мислам дека господинот Ќуркчиев точно наведе кои се точките што овој предлог во рамките на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа отскокнува и дивергира од законското решение кое постои во други закони.

Реков пред малку, за жал, сите закони кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа патат од тој хендикеп дека не се усогласени со други закони како Законот за рамномерен регионален развој ниту со Уставот беше усогласен така што не мислам дека е ова помал хендикеп оти не е усогласен со Законот за буџетите и со Законот за јавниот долг.

Во целиот наплив на желба да се контролира работата и да се стави под некоја контрола најчесто или е на мета општината, но во поголема мера се градоначалниците, како по инерција Владата да почувствува дека нема мнозинство меѓу градоначалниците, еднакво или пресликано од мнозинството што постои во Владата иако може да се наруши целата работа и на крај да се донесат некои законски предлози кои ќе можат да ја закочат работата на општините, а не да зборуваме за некоја визија или идеја да се имплементира процесот на децентрализација.

И сега не се гледа, не дај боже маката кога ќе дојде до некоја ситуација од виша сила во некоја општина, туку прво се ограничуваат средствата, на градоначалникот не му се дава можност да реагира фронтно, туку да биде заложник на одлуките на Советот, бидејќи Владата веројатно направила некоја пресметка каков е односот на градоначалниците и политичката припадност од она што е контрола во советите, бидејќи таму полесно може со притисок и сила да влезе и да направи ново мнозинство во рамки на Советот бидејќи има политички партии кои што од дневнио потреби преоѓаат де лево де десно. Сега, не се гледа тоа, не дај боже да не се случи некоја елементарна непогода на теренот, туку ќе се губи време во рамки на Советот, Советот да донесе одлука како ќе се трошат парите од резервите. Или пак, како што кажа заменик министерот му се дава право на градоначалникот а тој наводно го нема и тоа замислете за 50 иљади денари што би одлучувал од резервите да ги троши градоначалникот. Како да не постојат други закони со кој што може да се контролира незаконското работење на градоначалникот, ненаменското трошење на средства или злоупотребата на извршувањето на Буџетот и средствата во рамки на општината.

Инаку, членот 5 од овој закон се однесува на членот 31 каде што употребата на Буџетската резерва согласно ставот 2 од Законот што е во сила ја одобрува градоначалникот на општината. Сосема е природно во услови на виша сила, на елементарни непогоди поактивно и побрзо и пофронтно да реагира градоначалникот отколку да се влезе во една дебата во рамки на Советот и Советот да одлучува, како што се предлага овој закон, за користењето на средствата на резерви од оние што се непланирани, или помалку планирани расходи, кои се дел од тековната резерва.

Значи, едно право што го има градоначалникот сега се оптоварува и со одлука на Советот, како да тука ќе се заврши законската или контролата на законската или незаконската работа на градоначалникот. Не, напротив Советот може да донесе една одлука за која што ќе се крие како колективно тело, а градоначалникот да биде ослободен ако нешто ги пречекорил законските

мерки или потрошил нешто, нешто што не требало да го направи, или некои средства што дошле за решавање на елементарната непогода и за ублажување на таа, недај боже ситуација ќе се оправда од одлуката на Советот. Не, си постојат и други институции, и други закони со кои што работата на градоначалникот ќе биде контролирана.

Но, во процесот на централизација што оваа Влада ја прави, тоа го покажа и со Законот за рамномерен регионален развој ставајќи ја во потполна контрола или обид да се направи потполна контрола на она што е извршување на буџетот во рамки на општината се воведуваат ограничувања од кои што повторно за жал можат да трпат граѓаните во одредена општина.

Јас знам, дека Владата, претпоставував дека Владата нема да го прифати амандманот, секогаш кога има заменик на министер во салата ни не очекуваме да собере храброст или сила да прифати некој амандман иако можеби изгледа и логичен, вчера имавме случај кога имавме апсолутно технички амандман и не помина, но повторно ќе апелирам до парламентарното мнозинство, не да гласа врз база на нашите образложенија, туку да гласа врз база на читањето на амандманот па потоа да размислиме сите дека некогаш не мора, или не живееме во некој виртуелен свет, туку живееме секој во некоја општина каде што за жал понекогаш се случуваат и работи кои што се последица на виша сила, а не се желба ниту на градоначалникот ниту на советот.

Мислам дека амандманот треба да се прифати затоа што со предложениот член од страна на Владата се врши непотребна дополнителна контрола која што е во дисхармонија со Законот за буџетите, во која што ќе влеземе во една варијанта, каде што заради неусогласеност со тој закон секој ќе си интерпретира на свој начин и во едни услови кога не треба градоначалникот, ќе стане заложник на советот на општината итн. итн. Мислам дека употребата на буџетските резерви која ја одобруваше досега градоначалникот може да се контролира и за своите евентуално законски пречекорувања, има закони кои што може да го занкционираат.

Затоа, би го повикал парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и покомотно да влесеме во процес на децентрализација не праќајќи се кога ќе се случи недај боже нешто треба да седиме на седници а не да работиме на терен и брзо да реагираме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минуту за реплика заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Почитувани пратеници,

На почеток дадов едно образложение, а сега уште еднаш ќе се повторам и ќе се надополнам.

Во досегашниот закон градоначалникот немаше право да донесе одлука за користење на средства од резервите. Пратениците го цитираа ставот кој што вели: употребата на буџетската резерва ја одобрува градоначалникот на општината. Значи, ја одобрува градоначалникот на општината врз основа на одлука на Советот на општината. Сега, со овие измени ние му даваме поголемо право на градоначалникот да не мора да чека одлука од Советот на општината па потоа да ја одобри исплатата, туку да може во висина од 50 илајди денари сам да донесе одлука да испрати средства од резервите. Така да не се работи тука за укинување на некое право на градоначалникот. Тој и претходно немал право воопшто да користи средства од резервите на општината. Сега се дава правото да користи до 50 илјади денари. Нема потреба, значи сега да чека одлука на Советот за да ги искористи тие пари.

Инаку дека советот носи одлука за користење на средства од резервите е регулирано во Законот за буџетите. Значи и тоа е регулирано.

Дискусијата што тука се водеше е во сосема спротивна насока. Не станува тука збор за ограничување на правото на градоначалникот, туку станува збор за проширување на правата на градоначалникот, да може тој да користи до 50 илјади денари. Досега тоа право го немал. Јас мислам дека ова е во функција на процесот на децентрализација, а не на спречување на процесот на децентрализација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Значи, членот 31 став 2 се однесува за употребата на буџетската резерва која ја одобрува градоначалникот на општината. Сосема природно е и да ја спроведува. Значи во едно место кога ќе фати поплава и кога ќе треба фронтно да се реагира прво со 50 илјади денари не можат да се набават две пумпи за да може да се исцрпи целата вода, ќе отидат сите насади, без разлика од кој производ, што Владата не го откупува онака како што вети, туку додека чекаме и за тие 50 илјади денари да најдеме најповолна понуда ќе треба Советот да заседава и покрај нивите ќе може да отиде и се друго. Ама тоа не е битно на Владата. Битно е да цитираме членови што немаат врска. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи предлагачот е пријавен за збор, тој има предност, претпоставувам дека можеби има намера да го повлече амандманот.

Има збор предлагачот, господинот пратеник Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Да не настане забуна кај колегите пратеници, сакам да појаснам една работа, а тоа е дека во постојниот закон стои дека употребата на буџетската резерва ја одобрува градоначалникот на општината. Сите оние кои што имале можност да се сретнат со Законот за локална самоуправа знаат дека извршител на одлуките во една општина е градоначалникот на општината.

Значи, имено, со оваа алинеја му се дава право на градоначалникот за употреба на буџетската резерва да ја одобри, а се подразбира дека тој треба и да ја изврши односно спроведе.

Имено, според предложениот текст во овој член се вели дека по исклучок од ставот 3 на овој член се вели дека користење на средства од резервите до износ најмногу до 50 илјади денари. Значи, градоначалникот може да купи во моментот ако имаме елементарна непогода 20 кебиња без да го свика советот, без да праша никој. Тоа е големо овластување што се дава сега. Токму констатацијата или дефинирањето на оваа работа во постојниот закон дава поголема слобода кај градоначалникот. Завчера иавме елементарна непогода во општината Чешиново - Облешево, значи градоначалникот треба да го свика советот дали да купи некој мотор за црпење на вода, а советниците да кажат материјалот не го добивме, или ќе се состанеме за три дена. Или недај боже ако се работи за пожар, или за земјотрес, така да овие средства од 50 илјади денари се или грешка, или ставете тогаш 150 илјади. Земете го Законот за буџетите. Ако градоначалникот до сега имал право да ја одобрува и да ја извршува оваа работа, како наеднаш сега токму за непредвидени ситуации се расправаме за 50 илјади денари дека тој има право. Тоа е централизација. Значи не може да има слобода општината, не може Советот, не може градоначалникот туку како ќе кажеме ние како централна власт и владино мнозинство. Па, ве молам, повеќе од јасно е дека овој член не треба да биде донесен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам има збор пратеникот господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прашањето за трошењето на средствата за резервите во рамките на Буџетот на единиците на локална самоуправа е навистина прашање кое што праксата досега покажа дека ни претходниот начин на регулирање, ниту постојниот сега не нуди доволно можности да се види точно како се трошат средствата од резервите.

Ако го гледаме Законто за буџетите каде што стои дека градоначалникот е и предлагач и извршител на Буџетот на општината тогаш е јасно дека неоспорно е дека тој треба да ги троши сите средства во Буџетот односно и за задолжителната резерва би било надлежност за грдоначалникот. Така беше претходното или првото решение и тогаш градоначалниците како предлагачи на буџетите одеа на максималниот износ на задолжителна резерва, бидејќи за тие пари одлучуваат само тие без некоја посебна контрола од страна на Советот на општината.

Потоа, не знам од кои причини се смени тоа решение и се донесе решение дека за овие средства ќе решава само Советот на општината. Тоа беше едно решение кое што нудеше поголема транспарентност во трошењето на овие средства, бидејќи да помине одлука на Совет мора да биде наведено за која намена се, зошто се парите трошени и по кој основ се даваат, бидејќи таму е јасно определено дека задолжителната резерва може да се троши, доколку на некој од граѓаните ќе им се случи пожар во куќата, поплава, падне кров на куќата, за некои елементарни непогоди итн.

Мислам дека тоа решение на некој начин нудеше поголема транспарентност во трошењето на Буџетот, а тоа дека градоначалникот може да поднесе извештај, тука Законот за локална самоуправа многу не е доречен и многу не е јасен во тој дел. Има ограничување ако советот не го донесе буџетот или завршната сметка во предвидениот рок, тоа е основ тие да се распуштат, но нема регулирано што ако Советот не го усвои извештајот, или не усвои некој од документите кои што се однесуваат на трошењето на средствата. Ќе се поднесе до Министерството за локална самоуправа, па дали Министерството ќе испрати контрола итн., мислам дека има еден недоречен простор во однос на прашањето околу трошењето на задолжителните резерви.

Најдобро би било законодавецот да ра змисли, или предлагачите на Законот, Владата овие средства градоначалникот кога навистина има итни и неодложни потреби поплава, земјотрес да може да ги троши со тоа што дополнително ќе бара одлука од Советот на општината. Додека се работи за помагање на граѓанин кое што се однесува дали на некого му паднал покривот, му се запалила куќата, да се случи поплава, во тој случај процедурата е во најмала рака да се изврши увид на лице место од страна на проценители, да проценат колку средства треба да се дадат на тие граѓани и советот да го одобри тоа.

Навистина постои дилема кај мене како ова прашање да се реши и сметам дека во брзо време, ако Владата сака правилно да го реши ова прашање најдобро е едно комбинирано решрение во кое што и градоначалникот и советот во одредени ситуации ќе имаат право да ги трошат средствата од резервите придржувајќи се точно до оние законски одредби кои даваат можност овие средства да се трошат. Сега, кога само советот решава, па некои градоначалници не предвидуваат 3% за овие средства, туку ќе стават 1% или 1,5% бидејќи не им е во интерес да врзуваат средства за кои што тие не одлучуваат и се пренаменуваат за други потреби во општината. Така да мислам дека треба сериозно да се размисли и да се најде правилно законско решение за трошењето на средствата од задолжиелната резерва и ако ги гледаме ситуациите во моментот можеби комбинирано решение е најдобро. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Во досегашните дискусии, посебно на претставникот на Владата околу овој амандман се кажуваше колку е великодушна нашата Влада што дава на градоначалниците право од буџетот по нивно сопствено видување да порошат 50 илјади

денари. Да спордиме две величини, две бројки. 50 илајади денари кои ги имаат градоначалниците и 500 илјади марки кои ги потроши директорот на ЕЛЕМ за шест месеци за спонзорство и реклами. 50 илјади денари на градоначалниците и 500-те илјади евра кои ги потрошија за спонзорства и реклами. Не да се порошат за санација на штети од невреме, не да се потрошат средствата за добро на нашите граѓани, туку да се чистат каналите и каналите и слично, туку парите се потрошени да се рекламира ЕЛЕМ, Акционерско друштво во државна сопственост, 500 илјади евра дискреционо право на еден човек, замислете генералниот директор на ЕЛЕМ без одлука од надзорниот одбор си ги трошел парите, давал човекот спонзорство, реклами, како да му се парите од таткому.

А сега за градоначалниците 50 илјади денари кои новиот закон ги предвидува, претставникот на Владата, пет пати, броев, пет пати ги кажува како бенифиција од овој закон, колку нашата Влада спрема нашите градоначалници, од позиција и од опозиција, е великодушна.

Би сакала да направам уште една дигресија во врска со практицирањето на власта во Штип и штипско.

Не функционира системот за водоснабдување. Украдени се шахтите, а ние овде постојано зборуваме и донесуваме нови закони кои треба нашата држава да ја одведат во Европската унија, опозицијата се обидува конструктивно да интервенира амандмански, да ги подобри законите како би можела оваа наша Македонија побрзо да стигне или повторно да го фати чекорот кон Европската унија, кој беше оваа година, со доаѓањето на опозицијата некогашна, сегашна позиција, на власт, успорен и да отиде назад и чекорот кон НАТО што ништо да не правевте ќе влезевме. Сега со вашите активности можете само да расипете.

Што уште сакам да кажам?

Кражбите на метали во Штип и штипско се случуваат секојдневно, нашата полиција...

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам...

**Верица Филипова:** Една дигресија ако може.

**Иван Анастасовски:** Вие направивте многу дигресии.

**Верица Филипова:** Не направив повеќе. Ве молам да ми дозволите да се доискажам.

**Иван Анастасовски:** Ве молам вратетесе на амандманот и да не убедите зошто треба да се брише членот 5.

**Верица Филипова:** Во ред.

Штипската полиција, после кражбата во магацинот сопственик на пратеник на СДСМ, кражба од магацинот на мојот сопруг што се случи деновиве, излезе само на увид и направи само записник. Имаме штеда од 10 илјади евра, а тие гонат вештерки, секој ден кривични пријави против директорот на комуналното штипско претпријатие, против директорот на комуналното кочанско претпријатие и тн. Која е основната функција на практицирањето на власта?

**Иван Анастасовски:** Јас тука морам да ве прекинам. Имате пратенички прашања каде ќе ги кажете тие работи.

**Верица Филипова:** Така што 50 илјади денари кои ќе ги имаат нашите градоначалници, градоначалниците на Република Македонија.

Значи, основно е почитување на законите, почитуван претставник на Владата, почитуван потпретседатле, почитувани пратеници. Впрочем ние овде законите ги донесуваме за да се имплементираат во пракса, а не ги донесуваме само да бидат закони на хартија, само да се фалиме дека имаме хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија. За тоа служат законите, за да се имплементираат во пракса. Постои Кривичен закон, постои Закон за кривична постапка, постојат предистражни мерки, постои откривање на сторители, постојат кривични пријави до обвинители. Тоа се основните функции на нашата полиција. Не се основните функции на нашата полиција да лови вештерки катадневно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Штета што не се изминати осум дена од Законот за јавен ред и мир, бидејќи како дофрлаат пратениците од позицијата, едно пет илјади евра ќе собереше Буџетот, бидејќи викаат, довикуваат, прават врева што се казнува од 100 до 400 евра и во зависност од фреквенцијата предњачат тројца и тие ќе бидат веројано казнети со по 400 евра. И така тешко му оди на Министерството за финансии со рамниот данок да ги собира парите во Буџетот, мислам дека ќе биде добро да бидат тука поприсутни и министерката за полиција и министерот за финансии за да можат глобата да си ја наплатат.

Значи, кога даваме амандман, јас знам дека ќе дојде ситуација некогаш и ќе атестираме, веројатно. Кога ќе зборуваме ние од СДСМ, а ќе пофалиме некој од ВМРО-ДПМНЕ, исто да дофрлаат, бидејќи апсолутно не не слушаат што зборуваме.

Затоа се јавив уште еднаш, се извинувам за тоа, за да кажам дека амандманот е даден со некоја логика. Со законот што ќе го изгласа парламентарното мнозинство, неприфаќајќи ни еден амандман од опозицијата, може да се направат проблеми на терен.

Во пратеничката група на СДСМ има 10 пратеници што сме биле и советници во општина и градоначалници, кои врз база на некое искуство ги предлагаат амандманите за полесно функционирање на терен.

Уште еднаш да кажам, во членот што го дава Владата е даден износот од 50 илјади денари. Тоа заменикот министер го кажа како едно од најголемите достигнувања што оваа Влада го има

направено и е нормално ние тие 50 иљјади денари да ги коментираме и да ги споредуваме и да кажеме колку се тие апсурдни. Значи јас го дадов примерот со две пумпи, ако се поплави, недај Боже, некоја нива, да не кажам колку ќебиња, недај Боже, може малку да се купат со тие 50 илјади денари и што кога ќе се случи, после на советот ако не му помине таа одлука, како ќе им ги тргнат ќебињата и под ведро небо ќе спијат луѓето, бидејќи така советот ќе одлучи. Градоначалникот е извршна функција во општината и тој мора поактивно да дејствува и тој е тој што ја има извршната власт во советот. Не за секоја одлука Владата сега да доаѓа во Парламентот, па ајде ќе ја тестираме и ќе ја прашуваме. Тие ограничувања на средства не постојат во однос на некои елементарни непогоди. Затоа е сосема нормално тие 50 илјади денари да ги споредиме со други ненаменски трошења на оваа Влада за да кажеме колку е апсурдно што не се слуша кој се нашите аргументи, туку реагираме и го кршиме Законот за јавен ред и мир, бидејќи ова е една од институциите што е дадена како јавно место.Затоа уште еднаш да се обидам да дадам аргументи, овој член да се брише, дека градоначалникот од својата поактивна и извршна функција што ја има и со закон што му е дадена, треба да има малку поголема слобода, дека не може министер или заменик министер кој има право да потроши 150 илјади денари, така да е дозволено, а да му ограничува з елементарна непогода градоначалникот да не може да потроши од прва, повеќе од 50 илјади денари. Мислам дека до толку Владата требаше да собере сила, да се изедначи, барем тие 150 илјади што може така да ги отрошат за разни активности, да ги изедначи со средствата што еден градоначалник може да ги потроши веднаш и промтно, во случај на елементарна непогода. Значи не станува збор за репрезентација, не станува збор за ненаменско трошење, станува збор, реков, недај Боже за елементарна непогода, или некоја последица на виша сила.

Има законски рамки каде прекршувањата на овластувањата, пречекорувањата на овластувањата, го санкционираат и ќе го санкционираат градоначалникот. Да не се обидуваме, со закон кој по својата природа треба друго да овозможи, да решаваме и некои работи кои со други закони веќе се регулирани и да предлагаме решенија кои се косат со трети закони. Затоа неприфаќајки го овој амандман ќе направиме штета во функционирањето или во расрешувањето на некои несакани ситуации на терен, кои може да се јават.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Почитувани колеги, бидејќи е време за пауза за ручек, објавувам пауза, а во 14,50 часот имаме координација со координаторите на пратеничките групи во Охридска сала.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,30 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Исто така ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да може да пристапиме кон гласање на амандманот.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да ни доставаат точен број на пристуни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласаа 60, за гласаа 14, воздржано гласаше 1 пратеник, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 4, поднесен од пратенциите Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, го повлекуваме амандманот.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, алинеја 2, поднесен од пратенциите Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Се извинувам потпретседателе, ако може уште еднаш да кажете за кој амандман се работи?

**Бесим Догани:** Се работи за амандман на член 7 став 1 алинеја 2, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Повторно се навраќаме на прашањето за задолжувањето на единиците на локалната самоуправа. Во овој член се регулира начинот на кој единиците на локалната самоуправа можат долгорочно да се задолжуваат.

Во постојниот Закон онака како што е дадено постојното законско решение кое е во сила, предвидено е дека општините можат долгорочно да се задолжуваат само во услови во период од најмалку 24 месеци од денот на примената на овој закон, редовно доставуваат позитивно оценети финансиски извештаи во период од две години од денот на примената на овој закон нема ненамирени обврски кон доверителите.

Во ставот 2 е дадено дека Министерството за финансии, по исклучок, може да даде согласност општината долгорочно да се задолжи иако не ги исполнува погоре двата наведени услови само до колку се работи за кредит од меѓународна фианнсиска институција.

Со постојниот предлог од страна на Владата, драстично се усложнуваат условите во кои општината може долгорочно да се задолжи.

Прво, тука е предвидено дека континуирано општината не може 24 месеци, две фискални години, дека не може да покаже обврски или да доставува позитивни финансиски извештаи и во ставот 2 сега се брише дека општината може долгорочно да се задолжува без согласност на Владата, до колку зема кредити од домашни банкарски или финансиски институции.

Во постојното законско решение се однесува само од меѓународни, а сега општината потполно, за да земе долгорочен кредит и во земјата и во странство, мора да бара согласност од Владата.

Ако се сеќавате во текот на денешниот ден кога министерот објаснуваше по некој член од законот или по некој од амандманите кога не прифати во членот 2 и во членот 3 да се прифатат нашите амандмани, се повика на член 19 и 20 од постојниот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Сега, господине заменик министер, зошто е различно образложението што го дававте по однос на овој амандман. Во законот стои под кои услови општината може долгорочно да се задолжува. Зошто сега наметнувате и согласност од Владата? Дали повторно воведуваме политика каде не треба?

Цело време зборуваме за некои основни работи, вие, кога ви одговара се повикувате на членот 19 и 20 од законот каде е регулирано задолжувањето, а кога не ви одговара нема објаснвување зошто го правите ова. Како сега ќе тераме процес на децентрализација. Ако се работи за општини кои не ги исполнуваат условите, допрецизирајте го членот, не ги ограничувајте единиците на локалната самоуправа да одат напред. Прашањето за долгорочно задолжување е едно од клучните прашања кое треба да се реши од 1 јули понатаму. Кои општини ќе можат да ги користат овие финансиски инструменти во решавањето на своите проблеми. Сега, кога за се мора да бараат и за краткорочно и за долгорочно и за било какво задолжување, согласност од Владата, за каков процес на децентрализација зборуваме сега. Кои проблеми ќе ги решаваат градоначалниците или ќе треба цело време да чекаат пред Министерството и пред Владата дали ќе се смилувате да им дадете согласност да земат кредит и покрај тоа дали ги исполнуваат или не ги исполнуваат условите. Членот не е јасен дека вие по автоматизам на оние општини кои треба да влезат во втора фаза ќе им дадете согласност да земат кредит. Тоа не го пишува во законот. Повторно недоречености во формулациите на одредбите од законот.

Директно со овој член вршите централизација, наместо децентрализација. Има општини во Република Македонија, колку се толку се, се надевам дека ќе најдете начин да бидат што повеќе да го користат финансискиот инструмент-задолжување. Зошто сега за сите кредити, претходно имавме членови за било кое задолжување, сега и за долгорочното, да се бара согласност од Владата. По кој критериум вие ќе одбиете и нема да дадете? Без никакво објаснување, ставено е само по претходно

добиено мислење од страна на Министерството за фианнсии. Врз основа на што ќе го даваат Министерството за фианнсии членовите 19 и 20 од законот се јасни, 20% за краткорочно задолжување не може да надмине рата во однос на приходите од претходната година и 15% во однос на приходите не може да надмине ануитетот од приходите од претходната година. По јасно не знам. Ова е само сеење магла на нешто што е јасно дефинирано во законот. Не можете вака да ги решавате проблемите во Република Македонија. Ќе зборуваме после и по однос на другите прашања кои следат од 1 јули. Зошто сега го менувате министерот за локална самоуправа?

Затоа мислам дека во најмала рака овој амандман треба да се прифати, до колку сакаме работите полека да се движат во позитивна насока. Вака како што е предложено е дирекно ограничување на можностите за развој на оние општини кои ги исполнуваат критериумите за да го користат овој финансиски инструмент. Секаде треба согласност од Владата од Министерството за фианнсии без никакви критериуми и објаснувања кои ќе бидат валидни за донесување одлука дали ќе дадете согласност или не. Мислам дека ќе дојде брзо време кога повторно ќе добиете предупредување дека процесите не ги водите добро во делот на децентрализацијата и наместо ослободување на тој процес и со Законот за рамномерен регионален развој, сега и со овој закон во овој дел правите големи ограничувања за развој на општините. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Еве, ние пратениците од опозицијата не само денеска и во претходниот период поднесовме многу амандмани со кои амандмани секогаш тежнеевме односно сакавме да ги осамостоиме општините во одредени надлежности.

Еве и овој амандман кој го поднесовме со колегите пратеници од СДСМ исто така сакаме на еден начин да го ограничиме влијанието на Министерството за финансии во единиците на локалната самоуправа.

Амандманот што го поднесовме е многу јасен и за тоа зборуваше колегата Марјанчо Николов со кој се бара за доспеаните неподмирени обврски направени пред процесот на децентрализација, а преземени од единиците на локалната самоуправа.

Во новиот член 7 со кој се менува членот 50 вели дека општината може да се задолжува долгорочно во согласност со одредбите на овој закон и да дава гаранции за јавните претпријатија кои се основани од општината, откако Министерството за финансии ќе утврди дека општината 24 месеци е ликвидна, сега не сакам да зборувам за тоа, а во ставот 2 би сакал да потенцирам вели: по исклучок од став 1 на овој член Владата на Република Македонија може да даде согласност за задолжување, за финансирање на капитални инвестиции на општината по претходно добиена согласност однсоно позитивно мислење од страна на Министерството за финансии.

Амандманот кој го поднесовме е многу јасен и на одреден начин дава можност за оние општини кои имаат наследено долгови пред децентрализацијата, пред 1 јули 2005 година да не бидат опфатени со овој член 7. Во тој случај би требало ставот 2 да биде освен доспеаните, ненамирени обврски направени пред процесот на децентрализација, а преземени од единиците на локалната самоуправа. Значи, да се отфрли капиталното задолжување да зависи од позитивното мислење од страна на Министерството за финансии.

Како што реков, ние пратениците од СДСМ не само денеска, туку и пред тоа за безброј закони поднесовме без број амандмани со кои сакаме да го минимизираме влијанието на одредени министерства дали се работи за Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали се работи за Влада кои имаат влијание во локалната самоуправа да ги минимизираме и да ги оставиме општините да бидат посамостојни односно да бидат децентрализирани.

Не гледам ништо лошо во овој амандман што го поднесовме, но однапред знам дека нема да биде прифатен, веќе заменикот министер кажа дека нема да биде прифатен, но што е тука е, ние веќе се навикнавме и кога имавме уште подобри амандмани не се прифатија од парламентарното мнозинство, како што рече еден колега пред мене, особено од заменици министри. Да беше тука министерот за финансии можеби ќе прифатеше нешто, но го сваќам заменик министерот дека не може на своја одговорност да прифати амандман од опозицијата иако мислам дека е редно во Република Македонија и во ова Собрание полека и заменици министри да прифќаат амандмани од опозиција односно да преземаат врз себе одредена одговорност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров,

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника, гласаа 59. Од нив 8 гласаа за, 2 воздржани, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Петрески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине заменик министре,

Во интерес на времето, бидејќи Владата на Република Македонија нема сенс, ниту волја, ниту трунка морална одговорност, барем некои од амандманите кои се издржани и од претходните подносители и од нас како подносители мислам дека овој амандман нема основа да биде на дневен ред и затоа го повлекувам од името на предлагачите.

Меѓутоа, околу имплементацијата на законот и околу квалитетот на законот одговорноста нека ја поднесеат луѓето кои што не сакаат да прифатат ниту една сугестија од опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандман.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Или јас зборувам за некој друг закон, или предлагачот е збунет. Замолувам уште еднаш или претходниот амандман, или овој мора да биде прифатен. Имено, овој амандман е поднесен на член 9 каде што се регулираат работите според кој се казнува во износ од 4 илјади евра до 6 илјади евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното односно раководното лице на општината и наредени се случаите, кои ако не се извести Министерството за финанасии за секоја исплатена плата во рок од 10 работни дена тоа е нормално, либерален член за менување на член 20 став 7 итн.

Во ставот 2, "Глоба во износ од 8 до 10 илјади евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното односно раководното лице на општината ако без претходна согласност на Владата", итн. итн, даде под хипотека и слични нешта.

Почитуван предалгач мислам дека амандманот со своето образложение заслужува да биде прифатен заради тоа што претходниот член каде што се вели дека по исклучок од став 1 на овој член Владата на Република Македонија може да даде согласност за задолжување итн. Никој друг, само Владата, освен, да не бидам погрешно сфатен ако ова не е некоја смислена активност на предлагачот за фаворизирање на некои општини и правење некои работи кои што мора да бидат санкционирани во казнена постапка.

Ако е тоа целта тогаш е во ред работата и треба да го прифатиме предлогот како што е даден. Инаку, не гледам логика овој амандман, кој што вели "Сите акти на општината врз основа на кои се задолжува се ништовни и не предизвикуваат правни последици доколку се донесени, склучени без претходно обезбедена согласност пропишана со закон".

Почитуван предалгач амандманот не се предлага заради не знам што друго, овде да дискутираме ние од опозицијата, туку да обезбедиме сигурност по однос на случувањата, а со тоа и извршувањето на договорите во име и на сметка на општините.

Значи, доколку некој градоначалник склучи било каков договор кој што е спротивен на законот да не му дозволите вака како што е предложено тој да си плати 8 илјади евра и да направи зијан за 500-ни години во општината и никој ништо за таа работа, освен ако не сакате да правите смислени цели по општините. Овој амандман мора да биде прифатен. Од тие причини велам дека е предложен амандман кој што вели дека сите акти ќе бидат ништавни доколку не се почитуваат позитивните законски прописи од облигационите односи од од финансовото пропишано работење во општините.

Имено зборуваме ние за измени во Законот за финансирање на локалната самоуправа. Од каде тогаш тоа право ние да дозволиме да биде казнет одговорното лице или раководното лице на општината доколку склучи некаков штетен договор за општината со милионски суми. Значи, ќе напрви штетен договор од 5 милиони евра, а ќе го казните со 8 илјади евра. Ова однапред се коси со сето она предложено и затоа колегата очекуваше вие да реагирате по членот 7 и да го прифатите неговиот амандман.

Вака правите една сериозна забуна и не знам зошто, многу е јасен амандманот, многу е јасно што регулира, зошто едноставно не го прифатите и сите дилеми од овој тип едноставно ќе застанат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Во подршка на амандманот на моите колеги Ќуркчиев и Бендевска да се обидеме да ги разувериме претставниците на парламентарното мнозинство и да се обидеме уште еднаш да

апелираме, не мора само нашето образложение да го слушаат, туку да ги споредат членот 47 и членот 9 што го менува членот 47 и она што како амандман е дадено.

За жал, неприфаќајки го и претходниот амандман голем товар на општините ќе дојде и на ненамирени обврски направени во процесот на трансфер или во процесот на децентрализација при трансферот од централно на локално ниво, обврски превземени од единицие на локалната самоуправа по закон, но во реалност поголемиот дел од тие доспеани неизмирени обврски се направени од страна на министерствата. И сега бидејќи нема да можат да бидат 90 дена од денот на доспевањето, разрешени сите обврски кон доверителите, ќе мора да се влезе во една варијанта на решавање на тоа. Гледајќи ги членот 7 и 16-те алинеи што се дадени прво ќе може да се најде дупка со која што ќе можат да разрешат некои обврски или пак, гледајќи дека казната е само од 4 до 6 илјади евра, тоа што го зборуваше и господинот Ќуркчиев, ќе влезат во една варијанта каде што општината ќе стане заложник на некои градоначалници. Значи, ние знаеме дека и Делчево и Охрид до 2005 година од страна на градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ општините уште се задолжени затоа што мислеле дека пред избори како во Охрид можат да направат систем кој што финансиската проекција е со толку многу нули што не претпоставувале дека толку кошта. Но, мислеле дека е добро тоа да го пуштат, да удрат темели пред почетокот на некои парламентарни избори. И затоа наместо набројувањето како што го предлага Владата од 16 алинеи со што мислиме дека не се исцрпуваат сите неправилности што можат да бидат направени, амандманот на пратениците од СДСМ ги прогласува или предлага да бидат ништовни сите акти кои што и правни последици кои ќе произлезат од акти кои се направени надвор или без согласнот пропишана со законите. Дали тоа се позитивните прописи од Законот за облигациони односи или други кои ги тангира финансиското работење.

Повторно нашиот амандман е во функција на идејата на Владата за поголем мониторинг и поголема контрола. И мислам дека повеќе ќе делува заштитувачки кон девијантните појави доколку се прифати нашиот амандман отколку овие алинеи кои се напишани во Законот, реков 16 што не мислам дека ги исцрпуваат сите, а дел од нив се практично напишани во други членови, а тука не знам зошто се повторуваат. И затоа еве, кога привршуваме со амандманите мислам дека парламентарното мнозинство може да собере сила и да најде време да го прочита амандманот и членот да ги спореди и да виде дека подобро е за зачувување и за заштита од некое несовесно работење да се прифати амандманот од Ќуркчиев и Бендевска, а потоа тоа да дојде како составен дел од законот за да може она што е интенција на Владата да врши контрола на работењето или мониторинг на работењето во Владата.

Од друга страна, значи 16-те алинеи што се дадени се однесуваат на глобата од 4 до 6 илјади евра. Има едни други алиение кои се од 8 до 10 илјади евра, но на крајот на ставот три Владата самата најавува практично, значи за прекршоците од став 1 и 2 од овој член дека ќе поведе постапка за порамнување. Е, сега дали тоа Владата однапред признава дека има грешка во законот и на кој начин и што значи тоа порамнување мислам дека во одбивањето на амандманот можевме да бидеме удостоени со тоа образложение од страна на заменик министерот за финансии.

Вака ќе остане дилемата дали на некој градоначалник му се “исплати” да направи прекршок со кој што со 8 до 10 илјади евра ќе ја плати казната. Дали ние како одговорни пратеници без разлика на позиција-опозиција ќе дозволиме да тоа биде единствената казна за несовесното работење или законски ќе донесеме системски предлог за спречување за тоа како што го нуди амандманот на моите колеги.

И на крај дали за тоа што прекршоците од овие два члена се спроведува постапка за порамнување останува однапред дилемата кај предлагачот, во овој случај Министерството за финансии, дека има грешки и самиот законски проект кој што ни е маса, овде на пратениците. Затоа уште еднаш да замолам барем да ги прочитаме, да ги спoредиме и да знаеме дека сите ние сме дел од некои општини и не би сакале тие да бидат задолжени и да не функционира и да не може основните функции, надлежности да се вршат на општината, бидејќи некој градоначалник мислел дека му е предолга чергата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 63 пратеници, од нив 11 гласаа за, воздржано 3, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на алинеа 6, поднесен од пратениците Славица Грковска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Овој амандман е пример за неприфаќањето за апсурдноста во која што Предлогот на Владата се брани со исти аргументи, а тоа е не се прифаќа, во однос на два различни предлога.

Значи ова беше обид да се покаже дека во една од алинеите, а тоа е алинеата 6 каде што казната се однесува за одговорното односно раководното лице доколку не се придржува на рокот за донесување на Буџетот што е регулирано со член 28. Но, ако знаеме дека недонесувањето на Буџетот на општината, односно недонесувањето на годишната сметка на Буџетот до 31 март, врз основа на член 75 став 1, е основ за распуштање на Советот. Затоа оваа алинеа само ќе предизвика во праксата многу недоречености, непрецизности и ќе има паушална примена врз база на личен впечаток или можеби кај Министерството за финансии најбитна ќе биде флизурата, на градоначалникот да оцени дали ова треба да се применува или не. Значи, ниту овие 16 алинеи, уште еднаш да повторам, бидејќи членот 9 се однесува на членот 47 и двата амандмани што ги имавме се однесуваат на ниту овие 16 алинеи ќе ги покријат сите можни девијации што можат да се јават во работењето, па затоа предложивме амандман што ќе ги генерализира, ниту пак од друга страна секоја алинеја посебно кога е дефинирана во некоја од членовите, а е видоизменета ќе носи конкретна последица, туку напротив ќе ја зголеми конфузијата и само ќе ја зголеми непрецизноста и паушалноста во примената.

Но очигледно различни се аргументите во бранењето на ова, да се надеваме дека парламентарното мнозинство сепак ќе се реши последниот амандман предложен од опозицијата да го прифати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Ценам за потребно уште еднаш, како што веќе спомна колегата Макрадули, да прашам дали предлагачот ќе се изјасни или ќе го смени ставот.

Имено, многу е логично, почитуван заменик министре, без разлика од каде доаѓа амандманот, да го разгледате и да реагирате по истиот. Замислете една ситуација во пракса.

Со членот 9 каде се менува постојниот член 47 од Законот, вие велите дека ќе го казните одговорното лице од 4 до 6 илјади евра во денарска противвредност ако не се придржува на рокот за донесување на буџетот. Кој го носи буџетот? Советот на општината. Ако советот на општината не го донесе буџетот, одговорен е финансискиот работник, одговорен е градоначалникот. Која логика има ова. Во право се колегите зошто бараат. Ако веќе постои вакум збунувачки член, да се извади оваа алинеја, точка 6. Нема логика да стои - доколку не сепридржува на рокот за донесување на буџетот. Па тоа е одлука на друг орган што не зависи од него. Тоа може, доколку не го подготви, не го даде на усвојување, на разгледување итн. Ве молам, терминологијата е многу важна работа при носењето на законите. Не треба да имате дилеми дали треба да се прифати овој амандман, ако веќе ги одбивте амандманите што навистина сериозно ја регулираат оваа материја во членот 9. Жалам што се доведуваме во ваква ситуација. Верувајте, сакаме да помогнеме, да имаме добар закон. Меѓутоа не знам кои зборови да ги употребиме дека ова е неприменливо, дека ова прави забуна, дека на ваков начин не може да се функционира, или за месец или два ќе носиме нови дополнувања. Ве молам уште еднаш да размислите.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Моите колеги доста кажаа околу овој амандман што го имаат поднесено. Јас само ќе надополнам а можеби ќе се повторам со нив во одредени нивни искажувања.

Амандманот кој е поднесен за бришење на алинеја 6, би требало да биде прифатен, не само од парламентарното мнозинство, туку и пред тоа требаше да биде прифатен за да не дојде до гласање односно до дообјаснување од страна на пратениците на СДСМ.

Инаку, јас често кажувам дека општините треба да бидат посамостојни, општините треба да бидат независни од Министерството за финансии, од Владата итн., а пред едно два часа зборував за одговорни сметководители, внатрешни ревизори итн. Кога зборував за одговорниот сметководител, сега се прашувам, со членот 9 со кој предвидувате глоба од 4 до 6 илјади евра во денарска противвредност, дали за недонесување на Буџетот треба со оваа сума да се казни одговорниот сметководител, дали треба да се казни некој работник во овој сектор, кој го изработува Буџетот, дали треба да се казни градоначалникот итн. Значи, поентата на моето јавување беше да кажам дека секогаш не зависи, недонесувањето на буџетот, од овие лица што пред малку ги спомнав, ниту од градоначалникот ниту од одговорниот сметководител, ниту од работникот итн. Значи често пати недонесувањето и во најмногу случаи во многу општини, зависи од советот на општината.

Зошто не се донесува буџетот во одредени општини од страна на советот, тоа сите го знаеме, јас не сакам многу да зборувам за тоа, бидејќи често зборуваме, ако градоначалникот е од една политичка опција, ако има мнозинство во советот, тогаш поради остварување или на лични политички интереси, советот односно мнозинството во советот го кочи донесувањето на буџетот. Тоа сите вие како пратеници го знаете, сите сте учествувале во политичката партија, сега пред јавноста не сакам да зборувам. Ќе повторам уште еднаш, буџетот останува недонесен поради советот на општината, советот кој е од спротивната политичка опција од која доаѓа градоначалникот. Сега тука треба да видиме кој треба да се казни со овие од 4 до 6 илјади евра. Затоа, овој амандман поднесен од колегите требаше да се прифати и ќе немаше никаков

проблем како за заменик министерот така и за пратениците од парламентарното мнозинство.

На крајот би сакал да спомнам дека парламентарното мнозинство треба да размисли и да го прифати овој амандман, да ја поништи алинеја 6, бидејќи навистина многу пати, во многу општини не зависи од одговорните луѓе недонесувањето на буџетот. Значи, зборував пред малку, кажав од кој зависи. Поради политички и лични интереси одредени советници вршат влијание врз градоначалниците.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив за дискусија по овој амандман да ги кажам моите аргументи зошто треба да го поддржи овој амандман парламентарното мнозинство и заради јавноста сакам да кажам на што се однесува овој амандман.

Со членот 9 со кој се менува членот 47, во став 1 е пропишана глоба од 4 до 6 илјади евра во денарска противвредност за раководното лице на општината, ако, таму таксативно се наредени ситуациите кога. Ви се молам колеги пратеници слушајте затоа што решението кое е предложено во законот кое е ирационално, затоа што амандманот не е политички, логичен е. Не се смејте господине заменик министер, ќе побарам да ми ги кажете аргументите од кои причини вие не го прифативте овој амандман, ако се има предвид дека со овој член и со овој став односно алинеја се пропишува казна за одговорното лице во општината од 4 до 6 илјади евра, ако не се придржува на рокот за донесување на Буџетот, а вие знаете дека одговорно лице во општината ниту е надлежно ниту е задолжено да донесува буџет. Можеби тоа е задолжено да го изработи Предлог буџетот но не и да го донесе буџетот. Буџетот го донесува советот на општината. Значи, верувајте, ова решение е ирационално и каква казна ќе има и ќе следува ваква казна на одговорно лице за изработка на буџетот. Можеби ваквата идеја била да го казните лицето во општината кое е задолжено да го изготвува буџетот, а во определен рок не поднел предлог буџет до советот и потоа советот да го стави на дневен ред да го усвојува, но не и за усвојување затоа што правната терминологија е многу прецизна. Едно е да барате нешто од некого за кое не е надлежен, а друго е да барате нешто навистина. Во случајот одговорното лице ниту е надлежно за донесување на Буџетот, ниту може тоа да го направи затоа што тоа е спротивно на Законот за локална самоуправа. Тоа може да изработи предлог на буџет. Значи советот е задолжен да го донесува буџетот и надлежност на советот на општината е тој да го донесува Буџетот и за евентуално недонесување на буџетот во законски утврдениот рок од страна на советот, во членот 75 став 1 алинеја 4, како санкција заради неизвршување на со закон дадените надлежности е пропишано распуштање на советот на единицата на локална самоуправа. Значи се работи за сосема различни работи. Едно е изработка на буџет, а друго е донесување на буџет. Единствен орган кој со закон е задолжен да го донесе буџетот е само советот и никој друг. Затоа на друг чии работи се бараа, а не се во негова ингеренција, не може со закон да се пропише казна.

Барам пратениците од парламентарното мнозинство да гласаат за овој амандман, затоа што во овој амандман нема никаква политика. Овој амандман е логичен и верувајте, ако и овој амандман не се прифати, тоа значи пораката е јасна и гласна, неприфаќајте ништо што е поднесено од опозицијата, па макар и да била нотрна вистина.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Имам уште еден мал коментар.

Прво, да се извинам, претходната елаборација што ја имав не напоменав дека овој амандман е поднесен врз база на комуникација со многу градоначалници и ве уверувам, би сакал да биде тоа јасно истакнато, дел од нив и не се само од СДСМ, напротив од различни политички партии во комуникација и со ЗЕЛС, го бараа ова и мислам дека причините што и досега ги кажуваа моите колеги од СДСМ се доволни за парламентарното мнозинство да се реши да го прифати нашиот амандман. Но, еве да се обидам да дадам уште два коментари.

Прво, мислам дека и госпоѓа Иванова тоа посебно го нагласи дека градоначалникот неговата одлука не зависи дали Советот ќе ја изгласа годишната сметка на буџетот до 31 март и може или не може да влијае на таа одлука.

Ние сме сведоци дека после парламентрните избори во 2006 година, со полугите на власта, за жал, се направи еден обид во неколку општини да се направи ново советнчко мнозинство и за жал тоа во некои општини успеа. Власта има механизми како тоа да го направи и за жал во неколку општини, не би сакал сега да ги набројувам, власта односно парламентарното мнозинство на централно ниво се преслика и на локално ниво и влегоа во еден апсолутно непродуктивен процес за граѓаните од соодветните општини да не ги гласаат завршните сметки на градоначалниците, а тие ги изгласале претходно, бидејќи не знаеле што ќе се случи по 2006 година. Сега, градоначалникот ни крив ни должен, затоа што мнозинството во советот на општината го има друг политички блок, ќе треба да плати 8 илјади евра затоа што советот на општината не сака да ја донесе завршната сметка. Осум илјади евра се скоро една годишна плата на еден градоначалник, таа е многу слична скоро иста со платата на нас пратениците. Значи годишна плата градоначалник да даде затоа што ни крив ни должен советот не му го донел тоа, ќе рече не плаќам и ќе се распушти советот. Тука доаѓаме можеби во вистинската причина зошто во

овој законски проект е даден овој член, а тоа е ако со предвремените избори што ги планира премиерот Груевски 2008 година да направи локални избори 2008 година. Значи ќе направиме упад на 31 март 2008 година во сите совети каде мнозинство е пресликано од парламентарното мнозинство, тогаш ќе ги паднеме советите, бидејќи градоначалникот ќе рече ни крив ни должник зошто да дадам 8 илјади евра и ќе имаме масовни локални избори во Република Македонија. И за да го решиме тоа поинаку, за да не правиме 34 да кажеме нови избори на совети, а дошла поканата од НАТО за кој што нели најзаслужен во наводници е Никола Груевски, ајде ќе одиме на комплетни избори. Иако се решат Бачев и Андов, како подобро да избереме претседател на државата и тие избори ќе ги ставиме до година. И тоа е вистинската причина зошто е овој амандман овдека. Затоа да не ги фрламе во заложништво граѓаните на општините во кој што сите ние живееме во некоја соодветна. Таму не интересира дали се осветлени улиците, дали се чисти сметот, дали се зеленилата, средени, значи не мачат сите исти проблеми. Без разлика комшиите дали се од иста или различни политички партии. Да не станат општините заложници на некоја мегаломанска политика врз база на некој набилден рејтинг.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман во интерес на граѓаните од општината во која што живеат, односно пресликана на цела Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Само кратко јас.

Дали, доколку не биде донесен буџетот во ова Собрание, ќе се казни одговорното лице кое што требало да биде задолжено да го изработи буџетот. Ова е најреален пример како ќе се одрази ова решение на локално ниво. Значи, задолжен со закон за донесување на буџет односно во надлежност е на Собранието на Република Македонија. И сега доколку ние овде во Собранието на Република Македонија не се усогласиме да го донесеме буџетот, значи ли дека ќе го казниме министерот за финансии или тој кој што бил задолжен да го изработи буџетот со парична казна затоа што не го запазил рокот за донесување на буџетот. Илустративно ова значи ова предложено решение на локално ниво споредено како се рефлектира на централно ниво. Значи така е, да го казниме одговорното лице заради недонесување на буџетот и ако тоа нема никакви механизми да влијае за донесување на буџетот. Тоа ти е како Собранието да не донесе буџет и да го казниме до пропишеме казна за министерот зошто Собранието не го донесе буџетот. Поилустративно не можам како да објаснам и не знам зошто не се прифати овој амандман. Ниту плитика има, ниту има нешто со кое што се задира во интересите, во надленостите или во политичките влијанија, освен ако нема некоја скриена игра за она за кое што зборуваше колегата Јани Макрадули.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Иванова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволен број).

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници односно има 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 53 пратеника, од нив 11 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 алинеја 2, за менување на став 3 и на став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласлил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Само накратко, пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој закон, пред се, затоа што сметаме дека понудените законски решенија во овој закон не одат во прилог на процесот на децентрализација, всушност во голема мера значат враќање на овој процес назад, односно целосната контрола околу натамошното финансиско работење на општината ја презема Владата на Република Македонија.

Ако направиме анализа на претходни неколку закони кои ги донесе парламентарното мнозинство, посебно Законот за рамномерен регионален развој во кој видовме дека исто така една од главните наши забелешки беше дека многу од надлежностите за развој се во раце на Владата и овој закон покажува дека оваа Влада, за жал, сеуште нема концепт како ќе го продолжи процесот на децентрализација.

Се ближи 1 јули, сеуште немаме официјален став ниту известување колку од општините во Република Македонија, согласно критериумите кои се утврдени од Владата заедно со ЗЕЛС можат да преминат во втората фаза.

Дека Владата нема концепт односно нема решение за тоа како ќе продолжи децентрализацијата е најавата дека сега во брзо време ќе се менува министерот за локална самоуправа поради политички причини односно поради проширување на коалицијата и тоа се прави непосредно кога треба да се одлучи што понатаму со овој процес.

Сметаме дека е ова уште еден начин да се купи време се со цел да се најде оправдување, па знаете, сега се смени министерот, па му треба време додека влезе во надлежностите, едноставно ќе се пролонгира целиот процес.

Во однос на финансирањето на единиците на локалната самоуправа, за жал, Владата не го прифати нашиот амандман со кој се предлагаше зафаќањата од Данокот на додадена вредност да се зголемат од 1,5 на 3%, напротив, сега Владата од она што е најавено и што го имаме добиено како материјали прашањето за финансирање на единици на локална самоуправа ќе го решава со наметнување на нови давачки на стопанството. Значи, ќе се воведе данок на имот на деловните објекти.

Ако претходно еден од најуспешните потези на оваа Влада го промовираа намалувањето на давачките, на даноците, на придонесите, она што сега се предлага е директно спротивно од таа политика. Наместо Владата да најде решение во рамките на ДДВ, одреден процент да пренамени за развој на општините и на тој начин да не се прават дополнителни оптоварувања, сега се воведуваат нови давачки во Република Македонија. Такво нешто, верувајте, кога ќе дојде расправата по однос на тој закон, нема да помине, ќе биде изненадување иако стопанствениците не реагираат на таквата работа. И со Законот за намалување на данокот на персоналниот доход се зголемија давачките иако беше најавено намалување и со Законот за данок од добивка.

Сето ова укажува на тоа дека Владата под притисок наоѓа не добро решение со кое сака да го реши финансирањето на општините. Сите проекти што ги прави сака контролата да ја има во свои раце. Причините за дел од нив, зборуваше нашиот координатор господинот Макрадули, да се надеваме дека Владата или мнозинството нема да одат до таму, но со вакви решенија дефинитивно процесот на децентрализација во Република Македонија ќе се закочи, ќе се вратиме назад и од тие причини ние нема да го поддржиме овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Марјанчо Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претрест по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 61 пратеник, за гласаа 49, воздржани немаше, против гласаа 12 пратеника.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака?

Дали има воздржан?

На седницата присуствуваат 11 пратеници ко припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 10 пратеници, сите 10 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Минуваме на точката 26 - Предлог за донесување на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право, извршени на територијата на поранешна Југославија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Законот за сорботка со Хашкиот трибунал, кој е доствен до Собранието на Република Македонија пред околу два месеци ги уредува прашањата во врска со соработката и изразот на определбата на Република Македонија за целосна сорботка со Хашкиот трибунал.

Мислам дека уставен основ за донесување на законот е членот 68 став 1 алинеја 2, а познато е дека Хашкиот трибунал е основан со Резолуцијата 827 и 1993 од страна на Советот за безбедност на Обединетите Нации и неговите основни акти за работа се Статутот на Хашкиот трибунал и правилата и постапката за доказите, како и потребните одредби што се однесуваат од Законот за кривичната постапка.

Мислам дека содржината на текстот на законот при подготвувањето беше доставен до главниот обвинител на Хашкиот трибунал и до Трибуналот, на два пати беше доставен законот, така што сите мислења и сугестии што се доставени од Хашкиот трибунал и од главниот обвинител на Хашкиот трибунал се вградени во текстот на Законот.

Сакам да ве известам дека пред неколку дена една делегација од дваесетина судии и јавни обвинители, претставници на Министерството за правда и други претставници од други органи кои беа во посета на Хаг, на хашкиот обвинител, обвинителката на Хаштkиот трибунал изразила интересирање за тоа до каде е постапката за донесувањ на овој закон.

Инаку, познато е дека овој закон е подготвен во 2003 година, меѓутоа, тој закон во таа година не е ставен во процедура.

Сега да ве запознам со тоа кои се главните принципи и кои се надлежностите на Хашкиот трибунал кои се содржани во 40-те члена од законот.

Прво, законот ја уредува надлежноста на Хашкиот трибунал, лишувањето од слобода и определувањето на мерка притвор и предавањето на лице на Хашкиот трибунал, постапувањето на истрагата и водењето на кривичната постапка, постапувањето по предметите отстапени од Хашкиот трибунал на домашните органи, другите форми на соработка и имунитетот и слободниот премин преку територијата на Република Македонија, извршувањето на санкциите, конфискацијата на имотот и имотната корист, одземањето на предметите и надоместок на трошоците во текот на постапувањето и соработката со Хашкиот трибунал.

Мислам дека основните одредби од законот за Хашкиот трибунал, само ќе напоменам некои кои се клучни, кои се од посебно значење, тоа е одредбата од членот 3 од законот која говори дека Владата на Република Македонија, министерствата и судовите, Јавното обвинителство и сите други надлежни органи целосно соработуваат со Хашкиот трибунал во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност и со статутот на Хашкиот трибунал, како е предвидено со овој закон.

Значи, Република Македонија со донесувањето на вој закон изразува цврста определба за целосна соработка со Хашкиот трибунал и за примена на нормите на меѓународното хуманитарно право.

Законот исто така ги определува основните принципи кои се содржани во членот 8 од законот, а тоа се постапката пред Хашкиот трибунал против лица за кривично дело определено со Статутот на Хашкиот трибунал секогаш има предност пред постапката против истото лице за истото дело поведено од надлежниот јавен обвинител или надлежниот суд во Република Македонија, тоа е предност на постапката пред Хашкиот трибунал.

Второ, ако Хашкиот трибунал побара од надлежниот јавен обвинител или надлежниот суд предметот да биде предаден во негова надлежност, барањето веднаш се одобрува, тоа е вториот принцип и

Третиот принцип, ако Хашкиот трибунал не донесе конечна одлука или не ја запре постапката покрената пред него и одлучи предметот да го отстапи на решавање на надлежниот јавен обвинител и надлежниот суд на Република Македонија, истите се должни да го прифатат тој предмет и веднаш да ја продолжат постапката.

Значи, тоа се тие основни принципи што се наведени во законот за соработка со Хашкиот трибунал и мислам дека одредбите што се содржани во законо во целост ги задоволуваат потребите и областите во кои е остварува таа соработка со Хашкиот трибунал и подготвеноста на институциите и органите на Република Македонија тоа да го реализираат.

Во првиот дел се уредуваат обврските, условите и видот на соработката помеѓу Република Македонија и Хашкиот трибунал.

Во рамките на вториот дел е утврдена надлежноста на Хашкиот трибунал и она што пред малку го кажав основните принципи и предности што се однесува до примената на меѓународно хуманитарно право и постапувањето по предмети за кои Хашкиот трибунал изрази подготвеност да ги преземе или да ги отстапи тие предмети и во однос на тоа кое законодавство и кои закони и правила се применуваат во однос на примената на меѓународното хуманитарно право во Хашкиот трибунал и правилата и Статутот на Хашкиот трибунал.

Третиот дел детално се разработени прашањата што се однесуваат на лишување од слобода. Определувањето на мерката притвор и предавањето на лицето на Хашкиот трибунал.

Во четвртиот дел се опфатени одредби кои се однесуваат на отстапување на истрагата и водењето на кривичната постапка.

Во петтиот дел се содржани одредби кои се однесуваат на постапувањето по предметите отстапени од Хашкиот трибунал на домашните, согласно овие три основни принципи кои

претходно ви ги кажав. Поточно се определуваат надлежните органи кои постапуваат по отстапените предмети и се утврдуваат условите на непречено водење на постапката.

Исто така законот предвидува одредба со која ОБСЕ и Европската унија овозможува мониторинг во постапувањето.

И во Шестиот дел се определуваат други форми на соработка со Хашкиот трибунал, предвидено е правото на претставниците на обвинителот на Хашкиот трибунал да присуствуваат при спроведувањето на истражните дејствија, да постапуваат и поставуваат прашања или да даваат предлози.

Тука се уредува и прашањето на имунитетот и слободниот премин преку територијата на Република Македонија.

Осмиот дел се однесува на извршување на санкциите предвидени согласно конечната одлука на Хашкиот трибунал.

Деветтиот дел е посветен на конфискација на имотот, а

Десетиот дел го регулира прашањето во врска со надоместокот на трошоците во постапката.

Она што сакам да ви го кажам посебно, тоа е дека Република Македонија остварува континуирани контакти со Хашкиот трибунал, постапува по неговите барања, постапува по барањата на бранителите на Љубе Бошковкси и на Јохан Тарчуловски, готово континуирано се даваат работи на Координативното тело и секојдневно се остваруваат определени активности и пред започнувањето на претресот и сега во овој временски период.

Она што Република Македонија и Владата го презема тоа е да се обезбедат средства за одбрана на Љубе Бошковски и да се обезбедат средства како поддршка на семејствата на двајцата и на Бошковски и на Тарчуловски.

Трета работа е, се зголемија средствата со потпишување на Анекс кон договорот и се прошири одбраната со ангажирањето на други двајца адвокати и експерти од соодветна област и мислам дека на овој план, покрај посетите што беа остварени од страна на премиерот, потпретседателот на Владата, министерот за правда, министерот за внатрешни работи и сит овие контакти што ги оствaруваме очигледно е дека Република Македонија остварува една континуирана соработка и грижа за остварувањето на одбраната и подготвувањето на одбраната на обвинетите Јохан Тарчуловски и Љубе Бошковски.

Она што го прави сега Република Македонија континуирано во овој временски период, се остварува едукација на судии, јавни обвинители и други лица што треба да постапуваат по предмети што треба да бидат отстапени, а тоа е со поддршка на ОБСЕ, со поддршка на УСАИД и на Американската влада и од аспект на техничка и материјална поддршка и од аспект на едукација веќе една група на судии и обвинтиели беше на едукативна настава во Судот во Сарајево, минатата недела една група на судии и обвинители беше во Хаг, во наредниот понеделник една група на судии и втора група на судии ќе замине исто така во Хаг каде ќе присуствува недела дена на обука и на соодветни осознавања на правилата, статутот, постапката, начинот, сето она што треба да значи примена на меѓународните норми и осознавање на примената на меѓународното хуманитарно право, а после тоа ќе уследи едукација и тн. Сето она што треба да значи примена на меѓународните норми, осознавање на примена на меѓународното хуманитарно право, а секако дека за сето тоа ќе следи едукација на други вработени од судовите, од судска полиција, преведувачи и други лица кои што треба да бидат вклучени. Сето тоа се одвива во една континуирана програма од Министерството за правда со поддршка на ОБСЕ и на УСАИД.

Јас ви благодарам на вниманието и ве молам да го прифатите предлогот за донесување на закон за соработка со Хашкиот трибунал. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван министер.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани пратеници.

Навистина конечно стигнавме до оваа точка. За мало потсетување, прво законот за соработка на Република Македонија со популарно наречениот Хашки трибунал беше ставена како точка на дневен ред на седница на 16 март, на 34-та седница. Отогаш до денес одржавме 44 седници, 44-та, 10 седници повеќе од она што е бројката на седницата за која беше закажана оваа точка. Мислам дека ова е важно да го знаат граѓаните заради тоа што промовирањето во јавноста на идеи дека навистина е неопходен ваков закон за да се направи нешто повеќе во соработката со Хашкото обвинителство и со Хашкиот трибунал, дека тој закон нависитна е неопходен од многу аспекти едноставно не е суштината на проблемот, туку многу други прашања се поврзани со овој закон за соработка на Република Македонија со Хашкиот трибунал или Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија.

Но, сепак мислам дека ова навистина е еден момент некои работи да разјасниме, иако сите факти, колку и д аимаме желба навистина не можеме да ги пренесеме онакви какви што се, но јас сепак во моето излагање ќе настојувам вистинито да ја дадам сликата за тоа што расправаме денес и кој е мотивот за изготвување и за усвојување на еден ваков закон.

Законот што го имаме добиенокако текст од Владата, за кој спомена министерот претходно изготвен, уште 2003 година, но не беше пуштен во

процедура сега се предлага во прва фаза како предлог за донесување на закон што значи дека после оваа фаза ќе следи втора фаза во која што ќе може врз основа на она што денес го расправаме тука да се дополнат одредени одредби, да се прецизираат некои прашања за да може понатаму да продолжи процедурата.

Во почетните одредби, или во причините за донесување на законот наведено е дека овој закон потребно е да се донесе заради натамошна успешна соработка со Хашкиот трибунал и уредување на постапката за предавање на предметите, како и постапување по предметите отстапени од Хашкиот трибунал за домашните надлежни органи.

Можам да се согласам само со една од овие причини, а тоа е последната - постапување по предмети отстапени од Хашкиот трибунал на домашните надлежни органи. Значи по однос на враќањето на 4-те предмети, ако веќе зборуваме за потреба и за причини за доенсување можеме да зборуваме само за последното прашање. Меѓутоа, ако до сега сите ја оценуваме и во текот

на мандатот на претходната Валда, и како што вели министерот во континуитет успешна соработка со Хашкиот трибунал не знам дали таа успешна соработка може уште поуспешна да биде ако донесеме закон. Ако досега сме постапувале согласно Статутот на Трибуналот, согласно Правилникот за постапката и доказите, согласно меѓународните акти не знам зошто не може да се прави тоа и во наредниот период ако оценуваме дека имаме успешна соработка. А да потсетам, успешната соработка со Хашкиот трибунал е многу важен критериум кој се оценуваше и се оценува и во оваа фаза уште во времето кога Република Македонија конкурираше за членство во Европската унија и денес кога настојуваме да добиеме преговарачки статус за членство во Европската унија. Токму на успешната соработка што ја имаше претходната Влада со Хашкиот трибунал имаше успех и тој евроинтегративен процес и во голема мера, или еден дел од успесите се должат на таа соработка со Хашкиот трибунал. Не сакам да потсетувам за земјите во околината кои имаат забелешки за несоработка со Хашкиот трибунал и за тешкотиите со кои се соочуваат во овој евроинтегративен процес.

Значи, понатаму се наведува како причина за донесување на законот со уредување на постапка за предавање на предмети. Ако во некое друго време можело да се разговара за ова прашање, предавање на предметите, мислам дека навистина сега не може да стане збор за предавање на предмети заради тоа што знаеме дека е ограничено времетраењето на судот, до крајот на 2004 година можеа да се поднесуваат обвиненија и голем број од одредбите што се однесуваат токму на ова прашање мислам дека се беспредметни. Значи, ако се држиме до правото и ако сме согласни дека секој закон треба да регулира одредена жива материја, нешто што се случува, па затоа е потребно тоа и правно да се нормира, во овој случај се работи за предлог за донесување на закон кој под услови да се усвои во ваква финална верзија некаде во 90% од одредбите тој ќе биде неприменлив, бидејќи се работи за прашања што се веќе андминати, кои не може во овој момент да се реализираат. Законот има 40 одредби и од тие неколку се одредбите кои што би можеле во пракса да најдат примена со оглед на моменталната состојба што ја имаме во однос на преземените предмети и постапувањето по преземените предмети од страна на Хашкото обвинителство. Значи ова кажува дека донесувањето на законот глобално во целина нема да има некаква примена во пракса. Ние и во досегашната соработка немавме забелешки и да споменам, а тоа е многу важно дека и под услов да се продолжи на истиот начин со соработката нема никакви пречки за постапувањето по предметите.

Закон за соработка со Хашкиот трибунал не беше поставен како услов не само на Република Македонија, туку на ниту една од државите каде што такви закони се донесени, но за среќа, не сакам да ги споменувам Македонија е во сосема поинаква состојба од тие држави. Таму самите како резултат на некои внатрешни работи одлучиле да донесат закони за соработка со Хашкиот трибунал. Значи, Република Македонија и во досегашниот период постапувајќи врз основа на Статутот и Правилникот на Трибуналот исполнувајќи ги тие обврски како земја членка на Обединетите нации може тоа да го продолжи и во иднина. Другите земји донесоа закони заради надминување на некои внатрешни прашања, но и како резултат на тоа што поради големиот број на случаи имаше прашања кои што едноставно не можеа да бидат решени согласно Статутот или Правилникот и тие во пракса предизвикуваа одредени дилеми. За среќа ние не сме во таква ситуација, имаме многу поповолна ситуација од другите земји и токму за тоа нашето досегашно постапување ни овозможи да бидеме оценети како земја која навистина има добра соработка со Хашкиот трибунал.

И покрај обврската на државите, оние на поранешна СФРЈ, вклучувајќи ја и Република Македонија, значи државите имаа обврска да ги гонат сторителите на тешки дела против меѓународното хуманитарно право, како што се делата геноцит, злосторства против човечноста, воени злосторства, Статутот на Трибуналот утврдува двојна надлежност - надлежност на Трибуналот, изворна надлежност на државата. Само ако Хашкиот трибунал донесе одлука за преземање во согласност со Статутот ужива примат во гонењето и државите мораат да се потчинат на тој примат на Трибуналот. Поради тоа сметам дека во овој член, во овој текст на законот има непотребни одредби. Една од тие е членот 9, бидејќи е во спротивност со суверенитетот на Република Македонија и нејзиното изворно право и обврска само во

согласност со своите закони да гони лица за кои постои сомнение за извршено кривично дело.

Ова го споменувам за да ја поврзам состојбата со Босна и Херцеговина која е исклучок од ова правокако држава во која после 4 години војна беа покренати повеќе илјади предмети и тоа на начин што секоја страна гонеше само претставници на друг народ. За да се избегне таа ситуација државата во присуство на Меѓународната заедница и Трибуналот усвои 3 таканречени правила на Римскиот пакт потпишан во Рим преку кој сите предмети кои што постоеа во соменвање за сторено кривично дело со доказите се доставувале на обвинителот на Хашкиот трибунал и дури потоа неговото прегледување на предметот, значи во неговото прегледување на предметот и неговата оценка дека постои доволно сомнение постапката продолжувала пред домашните органи, во тој случај пред органите на Босна и Херцеговина.

Но, Република Македонија е држава која има полн суверенитет, нема толкав број на предмети и поради тоа не гледам причина сами со законот да ја ограничуваме оваа своја надлежност.

Исто така членот 10 не е спорен од аспект на воспоставување примат над Трибуналот, но тој е непотребен бидејќи Советот за безбедност на Обединетите нации на тужителот на Хашкиот трибунал нареди да ги заврши сите истраги, да ги подигне сите обвиненија до 31.12.2004 година. Значи Хашкиот обвинител не може повеќе да води нови истраги, да покренува нови обвиненија, може да ги продолжи истрагите во постојниот предмет само против господинот Љубе Бошковски и против господинот Јохан Тарчуловски. Така што овој член и да остане не може да се применува понатаму во пракса.

Подоцна ќе ги кажам другите прашања за кои што сметам дека треба да бидат приоритет на законот, но наместо навистина во пракса да се објасни што значи овој закон и кои се вистинските причини за донесување на закон во јавноста имаме една сосема поинаква постапка, едно поинакво медиумско презентирање на реалноста што сметам дека кај граѓаните внесува забуна, ги доведува во заблуда и токму затоа сметам дека и ние како пратеници треба да ја искористиме оваа можност да ја информираме јавноста дека овој закон наспроти тоа што во јавноста се презентира не значи ништо издвоено во однос на 4-те предмети ине е условот за враќање на 4-те предмети од Хаг кои беа отстапени уште 2002 година, а не значи ни апсолутно ништо во однос на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски. Затоа треба да зборуваме вистинито за тоа кои се причините што се наведени во овој закон. Јас ги споменав тие што ги неведува Валдата, споменав дека со дел од нив не се согласувам и сметам дека тие апсолутно не се причина за донесување на закон. Дури семтам дека има нешто друго што мене повеќе ме плаши дека начинот на кој што се презентирани тие одредби што би можеле евентуално да имаат примена во однос на враќањето на 4-те предмети се така напишани да едноставно го спречат враќањето на предметите. Јас ќе бидам конкретна, ќе ги споменам тие членови.

Значи, од 40 члена на законот има 3 кои се однесуваат на постапување по предмети отстапени од Хашкиот трибунал на надлежните државни органи на Република Македонија (25, 26, 27). Не гледам од овде ништо што би можело во пракса конкретно да се примени.

Во членот 25, ова го кажувам само со цел да помогнам ако можам во однсо на наредната фаза за текстот на законот, ако пред Хашкиот трибунал "е подигнато обвинение, но не е закажан главен претрес предметот се доставува до Јавниот обвинител на Република Македонија, кој во рок од 30 дена од денот на приемот може да одлучи да го дополни или измени, или да го прифати и поднесе истото обвинение пред надлежниот суд" не знам навистина зошто е оваа одредба кога ние немаме таков случај. Значи, до членот 25 немаме ништо што би можелео да се примени сега. Зборуваме за нешто за што веќе времето одминало, за покренување на обвиненија, за наоѓање на сторители, за предавање на сторителите и т.н. Фактички со сите одредби до член 25 само се потврдува тоа што во пракса се случувало изминатите години како резултат на постапување согласно статусот на трибуналот, согласно Правилникот за постапката и доказите. Значи така како што сме работеле сега е веќе ова наведено во самиот закон. Немаме такви случаи и не знам зошто тоа би можело да биде дел од една позитивна материја, кога времето го прегазило.

Меѓутоа и ова за што евентуално може да стане збор се пишува на таков начин за случаи кои не можат да седат во Хаг. Ние немаме предмет за кој е подигнато обвинение, а не е закажан главен претрес. Значи, и таа одредба во пракса не може да се применува.

Ме плаши уште една одредба која што сметам дека може на Валдата само да и послужи односно законот да и послужи како изговор дека врз основа на овој закон ќе се вратат предметите, но да не дојде до враќање на предметите, затоа што во членот 25 став 2 стои: " ако пред Хашкиот трибунал е завршена истрагата предметот се доставува до Јавниот обвинител на Република Македонија,кој во рок не подлг од 30 дена може да одлучи да подигне обвинение, или да бара од надлежниот суд преземање на дополнителни истражни дејствија". Значи овде имаме веќе некое дефинирање - ако пред Хашкиот трибунал е завршена истрагата.

Не знам дали е во однос на овие 4 предмети во овој момент Владата има цврсти гаранции дека за тие 4 предмети е завршена истрагата. Јас се соменвам дек аможе ова навистина да ни послужи само како изговор, ќе го донесме законот па ќе кажеме ова што е во законот наведено не се однесува за тие случаи, па затоа не може да стане збор за враќање. Затоа сметам дека оваа одредба треба да се формулира во една општа

форма која ќе овозможи понатаму постапување пред органите во Република Македонија.

Само на тој начин навистина Владата ќе покаже дека има интерес тоа што декларативно го кажува дека дефакто и го спроведува. Во спротивно остануваме само на констатација за позната и порано споменувана медиумска кампања.

На ова се надоврзува и мојата забелешка дека на најзначајното прашање, иако во други одредби кои веќе се надминати, времето ги надминало и на прецизирање на рокови и т.н., меѓутоа за најважното прашање за преземањето на 4-те предмети во законот нема дефинирани рокови. Затоа мојот предлог е конкретен, ако по однос на овој закон стане збор дека овие одредби можат да се применуваат само во однос на враќањето на предметите треба да се наведе рок во кој по стапувањето на сила на овој закон ќе биде извршено враќање на предметите. Значи, во рок од 30 дена по стапување на сила на законот да се вратат предметите да знаеме дека постапуваме врз основа на точно прецизирани рокови.

Враќањето или користењето на термините “веднаш”, или “во соодветен рок”, или “во разумен рок” тоа го имаме во пракса, го знаеме, многу добро ни е познато дека тоа е можност да се одолговлечи целата постапка за да на крајот не биде ништо прецизирано во конкретни рокови и да не се знае кога и за што ќе се постапува.

Навистина почитувани колеги сакам да споменам некои работи кои што во изминатиот период многу во јавноста го овозможуваа присуството токму на дискусиите и на овој закон за соработка со Хашкиот трибунал и воопшто за постапувањето во однос на Хаг, бидејки се користи како можност медиумски да се презентира нешто за што во пракса навистина се случува нешто поразлично. Ако како држава, а таква обврска имаме Република Македонија мора да ги почитува Статутот на Трибуналот, Правилникот за постапката и доказите, истовремено како држава мора да ги штитиме интересите на нашите државјани, значи мора да постапуваме и на едниот ти на другиот начин треба да ги имаме на ум овие констатации, овие наши обврски и јавноста правилно да ја информираме, а не така како што се случуваше со медиумски напади, можеби и без да се знае, меѓутоа не верувам во тоа, туку со желба само да се нападнат одредени политички партии,одредени поедници дека постапувале вака или онака. Ова е прашање кое што е навистина многу сериозно и мислам дека не треба да се поигрува некој со судбините на државјаните на Република Македонија создавајки погрешна претстава во јавноста да добие политички поени, кои, еве времето покажува, полека но сигурно ќе почнат да паѓаат и јавноста да ја види суштината на работите.

Затоа сакам да потсетам дека навистина претставниците или коалиционите прартнери во Владата, посебно ВМРО-ДПМНЕ, имаше различни ставови во однос на ова прашање, кога беше опозиција, кога по секоја цена се настојуваше медиумски да се нападне тогашната позиција без доволно аргументи, со инсистирање да се вратат предметите или да се направи ова или она, но еве сега гледаме дека исто толку време колку што имаше и претходната влада, од прилика една година и сегашната има од прилика толкав период, па предметите не се вратени во Хаг. Значи, тука се работи за некои други прашања кои се многу важни, но во никој случај тоа не треба да користи како изговор, тоа е мој личен став како пратеник, да се нападне нашето судство, нашето обвинителство или како услови да се истакнат некои прашања што никогаш не биле поставени. Ќе повторам уште еднаш, Законот за соработка со Хашкиот трибунал ниту еднаш не бил поставен како услов на Република Македонија, како обврска која мора да се исполни. Едукацијата на судиите и на јавните обвинители е процес кој е континуиран, значи не се однесува на еден предмет или на една материја, туку тоа е процес. Токму затоа и претходната влада донесе закон за академија за обука на судиии и обвинители. Тој процес треба да започне уште пред нивниот изборот на функциите и треба да трае континуирано додека се извршуваат тие функции. Не смееме, додворувајќи се на јавноста или настојувајќи да бараме изговори зошто предметите не се вратени, да се каже дека нашите судии и обвинители се неспособни. Навистина, јас и како пратеник и како адвокат по професија, не го прифаќам, да се критикуваат од прилика околу 650 судии и 193 обвинтели заради тоа што во судството има капацитет има луѓе што си ја знаат својата работа и треба да се настојува тие нивни капацитети да се искориста, а таму каде што не се работи добро, точно по име и презиме да се каже кои се тие кои навистина не ја исполнуваат својат обврска. Но, во духот на кампањата, уште во септември месец, по стапувањето на функција на новата Влада наместо да се продолжи тој процес на соработка на професионално ниво меѓу претставници на Хашкото обвинителство и претставници на обвинителството на Република Македонија, значи тогаш кога се дојде веќе на стручно ниво дискусијата, да се расправа конкретно по четирите предмети, повтоно бевме сведоци на кревање на политичкото ниво, премиерот Груевски беше во Хаг, па можевме да ги слушнеме неговите изјави дека еве сега ќе се нови закон, дека ќе се обучуваат судии обвинители, па настојуваше да добие одговор какви се тие посебни гаранции или што треба да содржат гаранциите за да може Љубе и Јохан да се бранат од слобода итн, меѓутоа видовме дека не било така. Владата поднесе и други гаранци меѓутоа не беше пуштен Љубе Бошковски да се брани од слобода. Значи треба реално да гледаме на работите, а не само да се користи овој предмет, посебно судбината на македонските граѓани за политизирање и создавање на сосема различна претстава пред јавноста. Јас спомнав, има факти за кои можеме да зборуваме, има факти што ќе ги потврди времето, но ние не

смееме, кога зборуваме за она што во моментот може да се дискутира, да го направиме на штета на поединци и на штата на државата. Важни се политичките интереси на одредена политичка партија, но највалжни се интересите на Република Македонија и на граѓаните на Република Македонија и затоа е добро овие процеси да се водат од тој аспект, не само од аспект на одредена политичка партија, за што времето покажува дека состојбите се различни од тоа што претходно декларативно се спомнуваше.

Во настојување да не одземам премногу време, настојував да ги кажам моите забелешки во однос на овој закон и покрај тоа што имам лична дилема дали овој закон е потребен. Кажав не. Причините што се наведени навистина се делумно оправдани, а од трите наведени само една е доволна причина за носење на закон. Но, сепак ќе го подржам Предлогот на донесување на закон, заедно со останатите мои колеги пратеници од СДСМ, со цел или со надеж дека овие наши забелешки што сега ги истакнуваме, ќе бидат земени предвид и ќе бидат дел од текстот што ќе го добиеме во втора фаза за да можеме да кажеме дека навистина, тоа што ќе биде донесено како закон ќе биде материја која ќе може и во пракса да се примени, а не како што е сега случајот во 90% од работите, нешто што е надминато. Значи оставаме простор да се прецизира времето на враќање на 4-те предмети и точно наведување на се она што значи начин и постапка на предавање на предметите, а не на ваков начин кој само е изговор, или како што може да се случи во пракса да имаме закон, а да немаме враќање на 4-те предмети, бидејќи законот го оневозможува враќањето. Тоа е најпогубната ситуација што може да ни се случи. Сметам дека како пратеници не смееме тоа да го дозволиме.

Кога сме кај правата на нашите државјани, ова не сакав да го спомнам, но бидејќи министерот во своето обраќање ги кажа тие работи што еве сега ги прави Владата, морам да го спомнам се она што го направи претходната влада, заштитуваајќи ги интересите на нашите граѓани Љубе Бошковски и Јохан Тарчулоски, постапувајќи од една страна како членка на ОН, со обврска да ги почитува и статусот на Трибуналот и правилникот на постапката и доказите, но настојуваќи да им овозможи права, па јас би рекла, со тоа што конкретно го напрви Владата, повеќе и од други земји кои имале постапки за нивни државјани пред Хашкиот трибунал, овозможувајќи, иако немаше закон, значи согласно статутот и правилникот за постапки и докази, еднаков третман и на одбраната и на обвинителството, овозможувајќи да се постапува по нивните барање во рок од неколку дена да се закажуваат седници на Координативното тело на Владата, итни затворени седници или отворени седници на Владата за да се постапува по тие нивни барања, да се издадат сертификати за класифицирани информации на адвокатите за да може да ги прибираат сите докази. Со одлука на Влада им се овозможи нивните семејства да добијат по 6 милиони денари во 2005 година, кое се однесуваше на надомест на трошоци и на господинот Љубе Бошковски за кој Трибуналот одлучи дека нема да му ги покрива трошоците на одбраната, да се склучи договор со кој Владата ќе ги исполнува тие обврски и ќе ги плаќа трошоците. Но, тоа не го направивме на популистички начин, иако можевме во време на изборна кампања за да добиеме поени, туку нам ни беше поважен интересот на нашите граѓани и тоа не беше соопштено во текот на изборната капмања. Тоа ја покажува димензијата која ја имавме предвид  и начинот на кој работевме, штитејќи ги интересите на нашите граѓани. Но, за ова не сакам повеќе  да зборувам, туку само ќе спомнам дека имаше и одлуки за надомест на авионски карти на нивните семејства и секогаш кога имале потреба потреба нивните адвокати и семејства за контакт и за исполнување на обврските на Република Македонија, им се излегуваше во пресрет. Јас би сакала да верувам дека тоа продолжува и во наредниот период, но нејаснотијата на одредбата во членот 17 ни создава една дилема и затоа мислам дека во законот не се утврдува еднакво правото на одбраната и на обвинителството, па затоа, со исклучок на одредбата која зборува за право на бранител согласно Законот за кривична постапка и поради тоа добро е да се предложи нов член или пак во членот 17 да се додаде нов став 3 со содржина, која ќе овозможи лицето, или која ќе дефинира дека лицето што е обвинето пред Хашкиот трибунал има право на фер судење и соодветна подготовка на судењето. За остварување на овие права, бранителот на обвинетиот пред Хашкоит трибунал има еднакво право на пристап до документите, потенцијалните сведоци, надлежни државни институции, како и обвинителот на Хашкиот трибунал.

Јас спомнав, во претходниот период беше постапувано на овој начин, не знам од кои причини, или поради пропуст, тоа сега не е деринирано во овој закон, но сакам да спомнам дека треба да внимаваме само на оние одредби што во моментот се применливи, а кога станува збор за постапките  што се во тек, што веруваме дека е актуелно или до последен момент прибирањето на нови документи и докажи и тоа право, ако веќе се носи закон, треба да им биде овозможено, но посебен акцент да се стави, како што спомнав, на постапката за предавање на предметите.

И конечно да завршам, ќе дадам подршка на овој текст со надеж дека овие забелешки ќе бидат прифатени во втората фаза и дека ќе зборуваме за реален текст кој има примена во пракса. Се останато ќе биде само како можност да се каже да, еве ние донесовме Закон за Хашкиот трибунал. Меѓутоа тој закон во пракса не значи ништо ни за Република Македонија ни за нашите граѓани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Младеновска - Ѓорѓиевска.

Има реплика министерот за правда, господинот Маневски.

**Михајло Маневски:** Ме изненадува излагањето на пратеничката тогаш кога нешто кажа што јас никогаш ниту сум го помислил ниту сум го кажал, кога кажа дека се критикуваат 500 - 600 судии и обвинители затоа што се спроведува нивна обука за примена на меѓународно хуманитарно право. Јас не критикував ни 500, ни 600 судии и обвинители, јас не спомнав ни судии ни обвинители дека се критикуваат. Не знам зошто го измисли тоа пратеничката, наместо да го постави прашањето зошто овој закон не е донесен на време, зошто на ова Влада и требаше многу време со многу одења во Хашкиот трибунал да го разбие она мислење што беше составено за Република Македонија, дека Република Македонија нема желба да соработува со Хашкиот трибунал, дека Република Македонија нема закон, нема желба да донесе таков закон, иако се правени два обида во 2003 година да се донесе таков закон и штета што не е донесен. Ако толку држави донеле такви закони, тогаш зошто Република Македонија да не го донесе овој закон. Веројатно пратеничката која во тоа време ја вршеше функцијата министер за правда очигледно се чувствува погодена заради тоа што не ги изврши задачите и функциите што требаше да ги изврши и сето тоа во подготовка и на овој закон, но и во подготовка на одбраната на господинот Бошковски и Трчуловски, заради тоа што оваа Влада направи толку многу што навистина ги отвори сите прашања кои не беа отворени, на многу прашања не беше одговорено, тие се трупаа само во одредени папки и кога ние ги отворивме, кај Хашкиот трибунал и кај обвинителот на Хашкиот трибунал се создаде мислење дека Република Македонија навистина има реална волја и желба да соработува и конкретно соработува со Хашкиот трибунал, заради тоа што Република Македонија е демократска држава и не е точно тоа дека овој закон не е услов. Мислам дека некои прашања се вадат од контекст, имаат сосема друга конатација. Она што ви го кажав околу донесувањето на овој закон, мислам дека е една реалност, една потреба и прашањето за тоа кога ќе бидат вратени предметите, дали во законот треба да биде ставен рок, тоа не е прашање што треба да го уреди овој закон, тоа е прашање на Хашкиот трибунал, тоа е прашање на главниот обвинител на Хашкиот трибунал кој тогаш кога ќе одлучи да ги врати предметите и тоа во онаа фаза во која се наоѓаат предметите. Ако е во фаза на истрага, ќе се врати во фаза на истрага, ако е во фаза на обвинение, ќе се врати во фаза на обвинение итн. Мислам дека тоа се прашањате што ги уредува овој закон и од тој аспект мислам дека не треба да се изнесуваат вакви забелешки како што се изнесоа.

**Бесим Догани:** Благодарам министре.

Една минута контра реплика за пратеничката Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Немам можност во рок од една минута да го кажам тоа што го спомнав во мојата дискусија, но да немаме илузија. Република Македонија немаше да добие кандидатски статус за членство во Европската унија, ако немаше добра соработка со Хашкиот трибунал, ако не постапуваше согласно со статусто и правилникот за постапката и доказите. Верувам дека тоа му е добро познато и на министерот, но таква му е функцијата, веројатно и обврските што му ги наметнува Владата, па да ја критикуваат претходната влада. Тоа е манир што го гледаме овде постојано. Но, во мојата дискусија зборував за интересите на Република Македонија како држава и за интересите на граѓаните. Верувам дека ме слушнале граѓаните и дека тие може да оценат кој зборува и кој работи во интерес на државата. Тоа што ме разочарува е само што мојот амандман, во однос на прецизирање на рокови за враќање на предметите, министерот уште сега кажа дека нема да го прифати. Тоа е тоа што е разочарувачки, не за мене лично како пратеник, туку за Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Младеновска-Ѓорѓиевска.

Има збор пратеникот Павле Трајановски.

**Павле Трајановски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Јас искрено се надевав дека оваа точка ќе предизвика огромен интерес кај пратениците од сите пратенички групи, бидејќи се работи за законски проект кој ретко се носи во државите, затоа што со него се дефинира соработката со Хаг, а Република Македонија по се изгледа дека има причини да расправа и да донесе ваков закон за соработка со Хашкиот трибунал.

Мислам дека е добро што Владата на Република Македонија се зафати со оваа работа, што го подготви овој Предлог за донесување на закон и можеби се оправдани негодувањата дека ние доцниме, но можеби ќе беше добро во скратена постапка да заврши цела оваа расправа и да се донесе законот за соработка со Хашкиот трибуал. Се надевам дека целата постапка ќе биде забрзана и Република Македонија дел од обврските што ги има превземено и пред Европската унија, но и пред другите меѓународни институции ќе ги заврши на време. Значи потребата произлегува од нашите обврски. Република Македонија како членка на ОН, како потписник на голем број на меѓународн конбенции и како држава која ратификувала голем број на конвенции сигурно дека мора да соработува и со Хашкиот трибунал.

Досегашната соработка е оценето дека успешно се одвива, можеби заради тоа што Владата на Република Македонија во претходниот состав беше доста пооперативна и тоа посебно сега го нагласуваат претставниците на СДСМ. Беше пооперативна тогаш кога се работеше да се соберат материјални докази и факти за да се

поткрепи обвинението против Бошковски и Трчуловкси. Мислам дека таа соработка во основа се одвиваше во таа насока, а не соработка кога се работи за останатите 4 случаи. Можеби заради тоа што тие не беа доволно добро поткрепени со докази, можеби затоа долго време се води постапката или се преговара за тоа кога ќе бидат донесени, отстапени на Република Македонија за постапката да се води пред нашите надлежни судови.

Во овој Парламент можеби беше многу битно да се отвори расправа за причините што Република Македонија мора да донесе еден ваков законски акт. Можеби требаше да отвориме расправа кои беа носителите на сите активности поврзани со конфликтот во 2001 година, кои беа причините што имавме конфликт кој нанесе огромни и тешки последици по вкупните состојби во Република Македонија, конфликт кој Република Македонија ја врати најмалку 20 години нананзад, или ја одалечи или од Европската унија и од НАТО и од се она што значи напредок пошироко во светот. Тоа значи дека ние треба да расправаме за актерите, кои се она актери што почнаа да пукаат врз силите за безбедност на Република Македонија, кои се оние што предизвикаа над 140 жртви, над 500 или 600 повредени во Република Македонија, кои се оние кои разораа огромен број на куќи, цркви, џамии. Расправаме за причините зошто го носиме овој закон и дали се тие истите што го иницираа конфликтот, сега што предизвикуваат политичка криза во Република Македонија, со тоа што го напуштаат Парламентот, нанесувајќи огромна штета врз вкупните интереси на Република Македонија.

Треба и за тоа да расправаме ако сакаме да имаме добро образложение зошто го носиме овој закон.

Мислам дека 2001 година, по конфликтот што се случи во Република Македонија, донесовме Закон за амнестија. Главните виновници или одговорните за конфликтот беа амнестирани. Меѓутоа, сето тоа не беше доволно и сега повторно истите тие Република Македонија ја вовлекуваат во нова тн., политичка криза или криза која вештачки ја предизвикуваат.

Треба да расправаме за тоа, треба да расправаме за нивната одговорност, а не да приоѓаме само од формален аспект на носење на еден ваков значаен законски проект.

Јас, накусо, сакам да укажам дека овој закон, сигурно дека со овој закон нема да се решат сите отворени прашања, уште помалку ќе се забрза постапката за прифаќање на четирите случаи кои се во Хаг, меѓутоа, сигурен сум дека ќе додаде потстрек оваа Влада да ги преземе сите неопходни активности, сите мерки што се битни овие четири случаи да бидат префрлени што е можно побрзо, се со цел да се отпочне процедура, постапка, можеби на некој начин, оние што се директно одговорни и за конфликтот и за состојбите и за сегашната вештачки предизвикана политичка криза, ќе понесат одговорност.

Еве благодарам, сакам да нагласам дека на крај овој закон го поддржувам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Госпоѓа Младеновска реплика од три минути, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Не можам да не забележам дека пратеникот Трајанов во своето излагање повеќе сакаше да укаже на тоа, односно поголема беше желбата да ја нападне СДСМ или да ги нападне претставниците на СДСМ отколку навистина да каже нешто што би било од помош на Љубе и Јохан.

Да ги оставиме и Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, тие си имаат свои ставови и за СДСМ и за ВМРО ДПМНЕ и за други партии и за нивни претставници, ќе имаат време ќе го кажат своето мислење. Да не се случува овде партиите или претставниците на партиите да бидат нивнии адвокати. Тие си имаат адвокати, адвокатите ги бранат пред Хашкиот суд, а партиите треба да работат за интерес на државата и во интерес на граѓаните на Република Македонија. Ако некој погрешно ги сфатил функциите, тогаш навистина не може да зборуваме за квалитетно исполнување на нашите обврски.

Ова не можам, а да не го кажам, бидејќи во јавноста долго време се присутни нападите на СДСМ и во однос на собирање на докази и на други прашања, што апсолутно не соодветствува на тоа што во пракса се случуваше. Знаат тие, знаат нивните адвокати какви биле постапките, исто така знае и обвинителството на кој начин Република Македонија ги исполнувала своите обврски како членка на Обединетите нации. Ние не можеме да бегаме од тие наши обврски, но не смееме да си дозволиме овде во Парламентот политиканство и собирање на ситни поени од страна на граѓаните на штета на интересите на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Сакам да и укажам на пратеникот Младеновска дека самата во своето излагање неколку пати го спомна господинот Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, го спомна министерот за правда, меѓутоа, спомнување апсолутно не е од било какви популистички мотиви, само укажав на тоа како Република Македонија, како државните институции беа кооперативни тогаш кога се работеше да се соберат материјални докази за Љубе Бошковски и Тарчуловски, а како крајно некооперативно кога се работеше за останатите четири случаи.

Еве, само нека се направи една анализа колку активности презеле нашите државни институции околу обезбедување на неопходните докази за постапката за останатите четири случаи на време да заврши истрагата. Тоа беше мојот коментар околу ова прашање. Инаку, апсолутно не сметам дека треба да се води некој маркетинг преку

коментирањето на случаите за кои се води постапка во Хаг. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Има збор господинот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер,

По однос на значењето на носењето на законот за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународен кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршено на територијата на поранешна Југославија, како што е насловот на законот, е од големо значење, тоа го истакнаа и претходните дискутанти.

Би сакал да укажам, како што и во самиот закон е кажано, дека согласно Резолуцијата 827 на Советот за безбедност при Обединетите нации е формиран Хашкиот суд. Донесен е Статутот на Меѓународниот суд за воени злочини починети на бивша Југославија во 1993 година. Истовремено во 1994 година е донесен правилник за постапката и доказите донесени во Хаг и тоа во 1994 година и после тоа изменет, согласно нивните измени. Има направено измени 1995, 1996, да не ги набројувам годините, до 2002 година.

Тоа се основите врз основа на кои постапува Хашкиот суд.

Републиките од бивша Југославија донесоа закони за соработка со Хашкиот суд, Хрватска 1996 година, истовремено и Резолуција 1999 и Декларација во 2000 година.

Во Република Македонија се наметна потребата од носење на ваков закон за соработка со Хашкиот суд, Меѓународниот кривичен суд во Хаг од една единствена причина поради конфликтот што се случи во Република Македонија во 2001 година.

Сакам да укажам на историјатот на случувањата кои беа во Република Македонија по однос на носењето на ваков закон, по однос на одредени постапувања од претходната Влада затоа што претходно имаме излагање од пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска која укажа дека е зачудена како од март месец до сега е дојден на ред овој закон, наместо претходно да се зачуди зошто законот кој беше поднесен во Собранието на Република Македонија во април месец 2005 година не беше усвоен од тогашното парламентарно мнозинство.

Но, тоа е начин на делување од страна на опозиционата СДСМ затоа што, да се потсетиме малку на случувањата што беа по однос на изборите во Република Македонија и начинот на испорака на Јохан Тарчуловски. Испораката беше веднаш утредента кога се случи првиот круг на локалните избори на 14 март во 02,00 часот по полноќ, без да има таков закон и притоа без законска основа. Министер за правда донесе одлука да се испорача државјанин на Република Македонија без да има судска одлука. Тоа беше еден голем гаф кој можеби делумно и наштетува на одбраната на Јохан Тарчуловски, затоа што, без да му се даде можност доброволно да се пријави по обвинението од Хашкиот трибунал, доброволно да се предаде, туку беше присилно приведен, испорачан веднаш по првиот круг од локалните избори, после сите тие неправилности се со единствена цел да се пренасочи меморијата. Тоа го направија и за време на претседателските избори 2004 година кога знаевме дека обвинетите за Раштански лозја веднаш по вториот круг беа приведени истовремено и нивниот партиски функционер Љубомир Поповски кој сега, како што еден пратеник кажа, Претседателот на државата го погали и го помилува една година.

Добро е министре што има одредби кои се можеби задоцнети, но беа битни да беа тогаш на сила за да може да се почитува од институциите.

Добро е што овој закон во член 15 пишува - лицето приведено и лишено од слобода од страна на полицијата треба веднаш да биде изведено пред надлежниот истражен судија. Само тој може да донесе одлука за испорака на Меѓународен суд.

Познати ни се случаевите за екстрадиција, согласно Законот за кривична постапка во кој Министерството за правда постапува по барање на друг меѓународен суд, но конечната одлука дали треба да биде екстрадиран и доставен на меѓународен суд, може да го направи само надлежен истражен судија и никој друг. Најмалку извршната власт со своја одлука да доставува испорака на државјанин на Република Македонија.

Во Законот ги има одредбите кои, согласно секој закон треба да бидат содржани.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, само за мало потсетување на пратениците во овој Парламентарен состав, но пред се за јавноста, да не се добие погрешна слика од искажувањата на некои пратеници, откако се случи случајот со испорака на Јохан Тарчуловски, а после тоа и хрватските власти на Љубе Бошковски до Меѓународниот суд, поднесе закон со слична содржина на овој закон што денеска го разгледуваме. Беше поднесен на 11 април 2005 година. Тој закон беше ставен на седница на тогашното Собрание, имаше продолжение во мај 2005 година и октомври 2005 година се со единствена цел, затоа што тогаш беше нападната пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ дека без согласност на другите пратенички групи сака да добие политички поени. Тие продолженија беа направени со единствена цел да има согласност и поддршка од сите пратенички групи. Но, тој закон беше одбиен дека нема потреба од носење на таков закон. Со сите тие образложенија што ги имаа дека веќе не може да постапува и да се поднесат обвиненија и нема потреба од носење на ваков закон. Но, сега гледаме дека одредени пратеници укажуваат дека сепак имало потреба

од носење на ваков закон и покрај тоа што се изминати две години од поднесувањето на првиот закон.

Ние како ВМРО ДПМНЕ ветивме дека кога ќе дојдеме на власт, меѓу другите закони кои треба да ги донесеме, ќе биде донесен и Законот за соработка со Хашкиот трибунал.

Добро е што беше поднесен ваков закон но треба да бие изгласан. Се надевам дека сите пратеници што сме присутни тука ќе гласаме за потребата од ваков закон затоа што првенствено да ја покажеме нашата досегашна соработка што ја имаше со Хашкиот трибунал и да ја потврдиме со закон. Не сакаме и не треба да се удираме во гради дека оваа власт, претходната, претходната имале соработка со Хашкиот трибунал. Таа била константна. Дали била ВМРО ДПМНЕ на власт или претходната СДСМ или пред тоа ВМРО ДПМНЕ на власт ние константно сме имале соработка со Хашкиот трибунал, но се наметнала потреба, согласно случувањата што беа во Република Македонија, сепак да има закон врз основа на кој можат институциите во Република Македонија да постапуваат за да можат да извршат испорака државјани на Република Македонија на Меѓународни институции.

Овде има одредби во Законот кои сепак, и покрај тоа што можеме да кажеме се надминати, со оглед на ситуацијата која постои, но сепак би требало да се каже дека има одредби кои се од многу суштинско значење за носење на ваков закон.

Има Глава 5 која е многу битна и значајна - постапување по предметите одстапени од Хашкиот трибунал на надлежните државни органи на Република Македонија.

Во таа глава се разработени начинот и постапката на враќањето на предметите од Хаг на познатите четири случаи и добро е да има законска норма врз основа на која, без оглед кој е министер, без оглед кој е на власт, се постапува врз основа на закони кои се донесени во ова Собрание. Нема да се повикува на некои правила и докази донесени од други меѓународни институции.

Во членот 26 е обработено дека предметите одстапени од Хашкиот трибунал е надлежно Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата во рамките на Јавното обвинителство на Република Македонија.

Овој закон укажува кој дел од јавното обвинителство треба да постапи во однос на враќањето на предметите од Хаг. Исто така, по однос на надлежноста на судот откако ќе бидат вратени тие четири предмети.

Исто така е многу битно по однос на член 26 став 5 каде укажува дека надлежните органи кои ќе постапуваат по прдметите одстапени од Хашкиот трибунал треба да соработуваат со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Досега имаше одредена соработка, но битно и значајно е да биде во законска норма ставено.

Членот 27 обработува и укажува на доказите кои треба да се изведат и доказите кои Хашкиот трибунал треба да ги достави кои ги презела во Хаг и кои треба да бидат отстапени на институциите во Република Македонија.

Во Глава 6 се обработени други форми на соработка и помош кои треба да ги имаме. Добро е да биде обработено во овој закон, ако веќе се носи, а треба да се донесе.

Во Глава 8 - извршување на санкции. Во оваа глава се опишуваат начинот и постапката на веќе донесени санкции изречени од Хашкиот суд.

Во Глава 9 е конфискација на имот и имотна корист, одземање на предмети и надоместок на штета.

Сите тие глави се битни и значајни, како и во однос на трошоците, постапките кои се водат во Хаг, конкретно сега за Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, но многу позначајни се случаите кои ќе бидат отстапени, мислам на четирите предмети, од Хаг за да може да се постапува врз основа на закон, на норми кои се значајни и битни да бидат донесени овие закони од Република Македонија, од ова Собрание, за да нема различно толкување и различно дејствување од одредени институции без притоа да се донесе од Собранието на Република Македонија. Не би сакал да должам многу, затоа што гледам дека времето истекува, се надевам дека сите пратеници и покрај тоа што има различно мислење од претходниот парламентарен состав, дека ќе дадат поддршка за носење на ваков закон и една препорака до Министерството за правда, до Владата, што побргу да биде доставена втората фаза во Собранието на Република Македонија за да може да биде донесен и да може да се применува ваков закон.

Ние ја разгледуваме можноста во една фаза да се разгледа целосно законот овде, но согласно деловничките можности тоа не можеше да се примени, препораката се однесува како ќе се изгласа овој закон денеска од Владата на Република Македонија побргу да биде доставен до Собранието за да може побргу да се донесе втората фаза и за да може конечно да се применува така донесен закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Реплика од три минути за госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Со жалење констатирам дека на колегата Вељаноски, иако е правник навистина ќе му биде потребно малку повеќе да се консултира и со Уставот, да проучи што е екстрадиција, а што е предавање на маѓународен кривичен суд. Ќе треба добро да го прочита и Статутот на Трибуналот и Правилникот за постапката и доказите, членот 29 од Статутот, правилото 58 од Правилникот за да може релевантно да зборуваме.

Уште повеќе што ме изненадува дека не ги знае надлежностите на министерот за правда, самиот

бил заменик министер, јас сметам дека тоа треба да му биде познато, па надлежностите на министерот ги поистоветува со надлежност на полицаец или инспектор и тн., што апсолутно сметам дека не е допуштено.

Но уште еднаш се потврдува некоигзистетноста на ВМРО-ДПМНЕ и менувањето на ставовите во зависност од тоа дали се позиција или опозиција. Користењето на секоја можност да се нападне СДСМ или претставник на СДСМ.

Да потсетам, иако во моето излагање споменав дека не се реални причините поради кои Владата смета дека е потребно да се донесе закон за соработка со Хашкиот трибунал, иако на Република Македонија во ниту еден момент до сега не и беше поставен како услов донесувањето на законот за соработка со Хашкиот трибунал ние како претставници и пратеници на СДСМ решивме во оваа фаза да дадеме поддршка со надеж дека нашите аргументи во однос на прецизирање на одредбите од законот е бидат прифатливи во втората фаза за да зборуваме тогаш за нешто што реално ќе биде во интерес и нешто што ќе биде реално применливо. Меѓутоа, очигледно е дека таквиот начин на работа и соработка апсолутно не наидува на интерес и потврдување од страна на власта, туку секоја можност се користи како можност за напад врз опозицијата. Ќе видиме во втора фаза каков закон ќе биде предложен, ќе видиме дали овие причини за носење на законот ќе бидат сменети, дали нешто ќе биде прифатено па тогаш ќе зборуваме и за многу други прашања кои што на денешната седница оставивме простор да видиме власта што сработила, што предлага, но ќе ги кажеме и тогаш тие работи, па ќе може сето тоа да го цени јавноста во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално бара збор Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Предлагам почитуван потпретседатле да ја продолжиме седницата на Собранието до изгласување на законот и барам поддршка од 10 пратеници.

(Некои пратеници креваат рака)

**Бесим Догани:** Имате поддршка од 10 пратеници.

Вашиот предлог го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме по предлогот што го даде госпоѓа Весна Јаневска.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да гласаме по предлогот на госпоѓа Весна Јаневска.

Ги молам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Би замолил уште еднаш службите да ми доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Уште еднаш ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Почитувани дами и господа пратеници,

Бидејќи нема услови за продолжување на работата, тука ја прекинувам денешната седница.

Бидејќи утре е среда, Собранието ќе заседава само комисиски, дозволете ми од мое име и ваше име на граѓаните на Република Македонија да им го честитам празникот 24 Мај Свети Кирил и Методиј, ден на сесловенските просветители. Благодарам.

За продолжување на седницата ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 18,21 часот)